УНИВЕРЗИТЕТ “СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ” - СКОПЈЕ
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
ИНСТИТУТ ЗА СОЦИЛОГИЈА

# *Влијанието на религиозноста врз видот и зачестеноста на кривични дела кај лицата кои се на издржување на казна затвор во Казнено-поправниот дом "Идризово"*

**(магистерски труд)**

**Ментор:** Проф. д-р Зоран Матевски

**Кандидат:** Габриела Недева

**Скопје, 2013 година**

АПСТРАКТ

Во трудот е направен обид преку теоретско и емпириско истражување да се проучат влијанијата на видот на религијата (православни и муслимани), степенот на религиозноста (низок, среден и висок) врз видот на сторените кривични дела и бројот на извршените кривични дела.

Целта на истражувањето е да се истражи односот помеѓу поединечните показатели (видот на религијата и степенот на религиозноста) и видот и зачестеноста на кривичните дела како критериумска варијабла.

Теоретската цел на истражувањето е да се направи еден научен опис на предметот на магистерскиот труд, односно да се идентификува нивото на религиозноста и неговата поврзаност со кривичните дела.

Објект на истражувањето се лица кои се на издржување на казна затвор во Казнено-поправниот дом „Идризово„ во Скопје.

Задачите дефинирани во рамките на ова истражување се целосно реализирани. Се утврди дека анкетираните лица кои се од христијанска и исламска религија најчесто припаѓаат во групата на среден степен на религиозност, а притоа не се исклучуваат влијанијата на другите социјални фактори во сторувањето на кривичните дела.

Клучни зборови: религија, религиозност, степен на религиозност, криминал, кривично дело.

Abstract

The study is an attempt through theoretical and empirical research to examine the influences of the type of religion (Christians, Muslims) and the level of religiousness (low, medium and high) on the type of the committed crimes and the number of committed crimes.

The objective of the study is to examine the relation between the individual indicators (type of religion and level of religiousness) and type of frequency of the criminal acts as criteria variable.

The theoretical objective of the research is to make a scientific description of the subject of the master thesis, that is, to identify the level of religiousness and its connection to the criminal acts.

The objects of the research are inmates that serve their prison sentences in the Penitentiary and Correctional Institution "Idrizovo" in Skopje.

The tasks defined within the research were completely accomplished. It was proved that the interviewed individuals of Christian or Muslim affiliation largely belong to the group of medium level of religiousness, and in that, the influence of the other social factors on the commitment of crimes were not excluded.

Key words: religion, religiousness, level of religiousness, crime, criminal act.

## СОДРЖИНА

**I ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП**

**ВОВЕД ................................................................................ 5**

**1. РЕЛИГИЈА ................................................................................ 8**

1.1. Појмовно определување на религијата и религиозноста..................... 8

1.2. Елементи на религијата.......................................................... 17

1.2.1. Верување во натприродно-вонземско битие.............................. 19

1.2.2. Религиски чувства................................................................ 20

1.2.3. Ритуали и обреди................................................................ 21

1.2.4. Симболи.......................................................................... 24

1.2.5. Религиска организација...................................................... 25

1.3. Функции на религијата.......................................................... 28

1.3.1. Когнитивна........................................................................ 29

1.3.2. Комуникациска.................................................................. 30

1.3.3. Идентитет.......................................................................... 32

1.3.4. Етичка.............................................................................. 32

1.3.5. Адаптивна........................................................................ 34

1.3.6. Компензаторска.................................................................. 35

1.3.7. Општествено-интегративна.................................................. 36

1.4. Видови на религија.............................................................. 38

1.4.1. Христијанство.................................................................... 40

1.4.2. Ислам.............................................................................. 43

**2. КРИМИНАЛИТЕТОТ КАКО ОПШТЕСТВЕНА ПОЈАВА............................ 47**

2.1. Појмовно определување на криминалитетот.................................. 47

2.2. Теории................................................................................ 50

2.2.1. Биолошки ........................................................................ 50

2.2.2. Психолошки .................................................................... 52

2.2.3. Психопатолошки................................................................ 56

2.2.4. Социолошки...................................................................... 57

2.2.5. Радикална криминологија ........ 63

**II ЕМПИРИСКИ ПРИСТАП**

**3. МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО ........ 68**

3.1. Проблем и предмет на истражувањето ........ 68

3.2. Цели на истражувањето ........ 69

**4. ХИПОТЕТСКА РАМКА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ........ 72**

4.1. Хипотези ........ 72

4.2. Инструменти на истражувањето ........ 74

**5. РЕЗУЛТАТИ ОД ЕМПИРИСКОТО ИСТРАЖУВАЊЕ ........ 76**

5.1. Демографски податоци на примерокот ........ 76

5.2. Анализа на добиените резултати ........ 84

**6. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА ........ 107**

**7. ЛИТЕРАТУРА ........ 113**

**8. ПРИЛОЗИ ........ 119**

# I. ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП

***Оној кој никогаш нема згрешено,***
***никогаш не се обидел да направи нешто ново***
***(Albert Einstein)***

## ВОВЕД

Многубројните случувања во секојдневното живеење и се поголемиот број на сторување на криминални дела се наметува потребата од поопширно и поконсеквентно разгледување на криминалот како општествен феномен, воедно да се види и неговата поврзаност со друг круцијален општествен феномен како што е религијата.

Религијата претставува историска категорија, што го продолжува својот век на траење и во современото општество. Религијата е еден од најкомплексните општествени појави, присутна во животот на човекот од неговото раѓање, што ја дава смислата на човековото постоење, таа е обележје на сите човекови заедници. Сложеноста, повеќеслојноста на религијата како општествена појава се рефлектира и во потешкотиите во нејзиното дефинирање. Дефиницијата за религијата потребно е да е широка за да ги опфати сите разновидности, а при тоа да не се опфатат феномените кои не се религија (Haralambos I Holborn, 2005:502). Постојат два пристапи кои ја определуваат религијата и тоа: структурна и функционална. Структуралниот пристап подразбира проучување на структурните елементи на религијата, а функционалниот својот фокус на интерес го става на изнаоѓањето на одговорите за прашањата што религијата прави за поединецот и општеството, која е нејзината функција.

Според Вуко Павичевиќ, религијата е организиран збир на верувања, чувства, симболи, морални норми поврзани со замислата за вонземското битие, а за кои се грижи посебна организација-црква. (Pavičević, 1980:17)

Социологот Милтон Јингер, религијата ја дефинира како систем на верувања и практики со чија помош групата на луѓе се борат со проблемите на човековиот живот. (Yinger, 1970:7)

Религијата е сложена, динамична појава, но истовремено е мултифункционална, индивидуална и колективна појава, рационална и нерационална. Нејзината вредност е во функциите кои ги остварува во одредено време и простор. Религијата преку функциите што ги остварува ги задоволува потребите на луѓето.

Религијата ја задоволува потребата на човекот за спознавање, таа му нуди поглед на светот, му овозможува да комуницира на разни нивоа, ја задоволува потреба за друштвеност, општественост, што секако сите овие потреби се императив што му припаѓа единствено на човекот.

Моќта и силата на религијата се гледа и во тоа што ја интегрира општествената заедница, го уредува општествениот живот, го јакне колективниот дух кај луѓето, а со тоа овозможува постабилен општествен систем. Регулативната функција на религијата се состои во тоа што верникот се идентификува со "светото", ги прифаќа правилата кои се наметнати од "светото" како сопствени правила.

Несомнено, религијата е еден од првобитните регулатори на општествениот живот. Секоја религија се карактеризира со одредени морални норми, кои своите верници ги насочуваат да ги почитуваат определените вредности. Религијата како сложен феномен треба да се сфати како сила која го поттикнува човекот кон остварување на најдоброто од него, како свест за моралот.

Луѓето постојано се изложени на влијанија од страна на општествените, политичките, економските и културните настани, кои не секогаш се во можност да се справат со предизвиците. Суштината на религијата е во тоа што ги насочува кон одредено однесување и поведение кое овозможува одржување на општествениот поредок. Неизбежно е да се нагласи дека религијата нуди на луѓето еден поглед на живот, кој е во согласност со учењето на одредена

конфесија. Самото манифестирањето на религиозноста е индикатор за прифатеноста на религијата од страна на луѓето.

Но сепак, познато е дека припадниците на одредена религија прават кривични дела, иако религијата тоа не го одобрува. Појавата на криминалитетот се поврзуваат со општествената контрола, односно со општествената дезорганизација. Религијата е фактор во остварувањето на општествената контрола, но со нејзиното слабеење доаѓа до нарушување на претходно воспоставена општествена рамнотежа.

Во денешно време, во Република Македонија рапидно е зголемен бројот на извршителите на кривични дела, особено во делот на насилничкиот и организираниот криминал, чии сторители можат да бидат многу чувствителни во однос прашањата за религиските верувања и норми. Токму поради тоа пред ова истражување се поставени бројни прашања, кои заслужуват сериозен пристап и практичен третман.

Ова истражување ќе биде ограничено на лица кои се на издржување на казна-затвор во Казнено-поправниот дом "Идризиво" и негова цел е да се согледа влијанието на степенот на религизноста и видот на религијата врз криминалното однесување на лицата кои се на издржување на казна затвор. Истражуваната појава не е доволно истражувана од овој аспект. Од таа причина функцијата на ова истражување ќе биде повеќедимензионална и ќе даде придонес во унапредувањето на социолошката теорија и практика.

# 1. РЕЛИГИЈА

## 1.1. Појмовно определување на религијата и религиозноста

Религијата сама по себе е сложен феномен, таа е еден од елементите на човековата свест и духовната култура, затоа нејзиното дефинирање ќе претставува реално тешка задача.

Терминот религија има латинско потекло и има неколку етимолошки значења:

- латинската именка "religio" означува верување во еден Бог во една дефинирана заедница, претсавена како верување во една религиска вистина;
- латинсиот збор "religare" значи поврзаност со божественото битие, а црквата е претставена како божествена установа на луѓето.

Третото поимање на религија е изведено од глаголот "relinquere" што значи дека религијата подразбира отстранување на некој предмет од употреба и негово освестување и посветување на Бога.

Како што можеме да видиме етимолошките одредувања на зборот "религија" се слични меѓу себе, но истовремено различни, недоволно прецизни. Затоа се појавува потребата за да го објасниме феноменот религија треба да се обидеме теориски да го дефинираме.

Многу автори се согласуваат со тоа дека полесно е религијата да се објасни, отколку дефинира. Религијата е сложен, динамичен феномен и за неа постојат многу дефиниции. Можеме да кажеме дека не постои единствена дефиниција што ќе биде општо прифатена. Причината за многубројните дефиниции на религијата не се состои само во сложеноста на појвата, туку и

во различните гледишта кои се во рамките на други дисциплинарни пристапи. Оттука ќе констатираме дека социолошкиот пристап на феноменот религија не е единствен. Секој дисциплинарен пристап има свои методи во дефинирањето на поимот религија. Затоа разликите во дефинирање на поимот на религја во теологијата, филозофијата, историјата, социологија на религијата, се неизбежност. Една е теолошката вистина, друга е социолошката. Теолошкиот метод поаѓа од објавата и има дедуктивен пристап, а социолошкиот метод поаѓа од искуството и има индуктивен пристап.

Исто така, постојат многу факти кои упатуваат на религијата, но истите се откриени од други науки: археологијата, историјата, антропологијата, етнологијата, кои јасно укажуваат на постојаноста, трајноста и разноликоста на религискиот феномен. Секоја цивилизација има некој облик на религиско, свето што ја истакнува и акцентира нивната универзална природа. Имајќи ја предвид разновидноста и многубројноста на манифестните форми на религијата и светото низ историјата многу е тешко да се даде дефиниција за поимот религија. (Jukić,1997br:22-26)

При дефинирање на поимот религија исто така мора да се има во предвид конкретните поединци со нивното специфично религиско искуство. Од една страна го имаме религиското искуство, системот на верувања кои се субјективни, а од друга страна при спроведување на истражувањето треба да се почитуваат основните начела на науката како што се објективноста и непристрасноста.

Во литературата постојат два социолошки пристапи во дефинирањето на поимот религија: структурален и функционален. Структуралниот пристап подразбира проучување на структурните елементи на религијата. Тоа насочува да се проучуваат кои се заеднички елементи, а кои различни религиски елеметни и тоа во рамките на различни религиски системи. Шушњиќ за структуралната анализа на религијата истакнува дека нејзината основна задача не е да се прикаже единствено анатомијата на верскиот живот, туку да се пронајде начинот како се организирани одделните делови на религијата кои ја сочинуваат целината на верата, односно да се прикаже целокупната

организација на верското живеење. Социологијата на религија не може да ја разбере религијата без објаснување и разбирање на нејзините компоненти.

Објаснувањето и разбирањето на еден поединечен дел на религијата независно од целината на верскиот живот дава сосема друга и поинаква смисла отколку што ќе има ако тој дел од верскиот животот се објасни и разбере во склоп на целината. (Đ.Šušnjič, 1998:203)

Структуралните теории се обидуваат да ја издеференцираат суштината на религијата, при тоа имаме ситуација каде што различни автори немаат консензус во давањето на одговорите на тоа, но најзачестени одговори се верувањата во надприродно битие, чувството на моќ кое е поврзано со надприродното битие.

Клучен елемент на структуралните дефиниции е верувањето во свето или посебниот однос кон светите предмети. Овие дефиниции претендираат да бидат прецизни, па авторите во нив ги вклучуваат и институциите, праксата, верувањата, јазикот, симболите. Овие дефиниции нудат јасна граница помеѓу она што е свето и она што не е свето. Критиките упатени кон овој пристап се неминовни, а произлегуваат оттаму што овој пристап е ориентиран западноцентричен. Христијанската перспектива е појдовна во објаснувањето и разбирањето на елементите кои ја сочинуваат религијата. Оваа концепција е целосно неадекватна за незападните религии како што се будизамот или конфучијанизамот. Исто значајна критика е што овој пристап не ги вклучува религиските промени, кои претставуваат реалност. Човекот и неговата религија се менуваат во рамките на општествените услови во кои живеат. (S.Zrinščak,2007:26)

Функционалниот пристап својот фокус на интерес го става на барањето на одговори на прашањето што религијата прави за поединецот и општеството, која е нејзината функција. Во рамките на овој пристап има многу дефиниции, за нив важноста за содржината е маргинализирана. Претставниците на функционалниот пристап се ориентирани кон реперкусиите на религијата што ги остава врз човекот и општеството. Исто како и кај структуралните дефиниции и спрема функионалните се насочени бројни критики. Критиките

упатени на функционалниот пристап се во насока што овие дефиниции се премногу широки, неразграничуваат, при тоа е особено тешко да се направи разлика што е религија, а што не е.

Милтон Јингер дава функционалистичка дефиниција според која религијата е систем на верувања и вероисповедни обичаи со посредство на група луѓе кои се борат со суштествените проблеми на човечкиот живот. (М.Вукомановић, 2004.бр:11)

Во рамките на функционалистичкиот пристап партиципира определбата за религијата што ја дава Емил Диркем. Според неговата дефиниција религијата е унифициран состав на верувања и практики поврзани со светите нешта, односно со она што е издвоено и забрането. Под свето не се подразбира само она што има посебност како што се духовите, боговите, куќата, туку тој определува дека сè може да биде свето. Функцијата на верувањата и верските обичаи се состои во соединување на сите приврзници во единствена морална заедница-црква. (M.Hamilton, 2003:32)

Со ваквата определба на религијата Диркем на религијата и го дава приматот интегративност, односно религијата има интегративна функција во општеството. Според тоа заедничкиот вредносен систем и моралните уверувања како компонети на колективната свест го овозможуваат заедничкот општествен живот. Религијата е тој чинител што овозможува да јакне колективната свест, а истовремено и вредностите и моралните норми како основа на целокупниот општествениот живот.

Двата пристапи даваат дефиниции во кое се детектирани предности и недостатоци, во определувањето на поимот религијата. Па така може да се заклучи дека структурлните дефиниции се тесни, а функционалните прешироки. Многу често во литературата наидуваме на дефиниции за поимот религија што е неможно да се определат ниту како само структурални, ниту како функционални. Тоа е така што многу автори се обидуваат да бидат посеопфатни, поцелосни во дефинирањето на поимот религија, при тоа се случува испреплетувањето на двата пристапи.

Според Вуко Павичевиќ, религијата ја сочинуваат пет елементи и врз основа на нив ја дава и дефиницијата. Првиот елемент е замислата за натприродното битие, понатака исто ја истакнува значајноста на религиските чувства кои се јавуваат кај верниците, религиските симболи и ритуалите кои се чинат во религиската организација. Неговата феноменолошка дефиниција за религијата е: "Религијата е организиран збир на верувања, чувства, симболи, култни дејствија и морални правила поврзани за помислата за оностаното битие за кое се грижи религиска организација – црквата". (Pavičević,1980:17)

Истоа како и Павичевиќ, и Жуљевиќ, религијата ја определуваат пет елементи и тоа: верување во натприродно, верски чувства, систем на верски обреди, свештеници – професионални службеници и институција – црква. (Besic, Đukanovic,2000:28)

Шушњиќ со цел да дојде до посеопфатно и консеквенто дефинирање на религијата, тргнува од неколку други дефиниции на религијата при тоа ги анализира, објаснува  и дава крититички осврт за нив. Најпрво, почнува со дефиницијата дека религијата е верување во Бога. Истата дефиниција ја подложува на анализа и го поставува прашањето што е со оние религиите кои Бог го немаат во својата структура, односно се без Бог, како што се будизмот, анимизмот, таоизмот или конфучијанството. Тој на ваквата наведена дефиниција објаснува дека постоењето на религијата не е условено од постоењето на боговите, зошто боговите не се присутни во сите религиски системи.

Втора дефиниција што ја анализира Шушњиќ е дека религијата е верување во натприродното. Истиот одговор го дава и овде дека не се опфатени сите религиски системи кај кои Бог не е над туку во самата природа. Вака дефинирајќи ја религијата не постои можност да се одвои светото од световното.

Дефиницијата дека религијата е верувањето во светото исто било интерес на негова анализа. Тој анализира од аспект кога натприродното не е свето, а и обратно кога светото не е натприродно. Ова анализа Шушњиќ ја поткрепува со фактот дека ѓаволот и лошите духови се натприродни но

христијанството не ги третира за свети. Друг пример што го наведува Шушњиќ, а се негува во Индија е кравата која претставува свето суштество, но сепак не е натприродно.

Четвртата дефиниција што ја анализа Шушњиќ е кога религијата е поставена како духовен отсјај на зависноста од натприродните или природните сили. Овде анализата оди во правец дали религиските чувства можат да се до толку поедностават како чувства на зависност. Зависноста како категорија имплицира постоење на подреденост, а во таков случај ќе се има авторитарна религија.

Петтата дефиниција, религијата ја определува како обид за изградба на свет на редот, наспроти светот во кој ќе има неред односно хаос. Според ова дефиниција Шушњиќ наведува дека голем број на човекови активности, постапки, установи би биле религиозни зошто создаваат ред. Според Шушњиќ вака дефинирајќи ја религијата ќе се изгуби дистинкцијата помеѓу религиозното и нерелигиозното однесување.

Шесттата дефиниција што ја анализал, е религијата ја претставуваат токму оние идеи, верувања кои ги бараат одговорите на прашањата за смислата за смислата на животот и смртта. Ваквата дефиниција се соочува со преопширност, зошто истите овие прашање ги среќаваме во литературата и во филозофските гледишта.

Седмата дефиниција е религијата е ориентир во светот, а Шушњиќ наведува во неговата анализа дека вака дефинирајќи ја религијата може да се заклучи дека и етичките системи во општеството се религии. Тоа го наведува зошто и етичките системи претсавуваат правила за опстојување и адаптирање во светот кој не така сигурен и извесен.

Последната дефиниција која исто е предмет на анализа на Шушњиќ е религијата е облик на општествената свест. Ваквото определување религијата ја сведува на рационално спознавање на светот, а целосно се занемаруваат нерационалните елементи на религијата.

После ваквиот систематичен пристап Шушњиќ ја сфаќа комплексноста на религијата и неможноста овие дефиниции да го опфатат целокупното

религиско искуство кое е многу разновидно, да ја направат јасната дистинкција помеѓу религиските и нерелигиските идеи, а со тоа и некои дефиниции се претесни или прешироки.

Шушњиќ религијата ја определува како верување на неограничена и мистична моќ, од која човекот зависи и го контролира неговиот живот и смрт, а ако се однесува на одреден начин може и да влијае; своето искуство го изразува на когнитивен, емоционален, практичен и мистичен начин, односно во облик на учење, обреди, заедница на верници; стекнувањето на искуството има значење за верникот и заедницата, притоа без тоа животот на човекот а и на заедницата би биле сосема поинакви. (Šušnjić, 1998:50)

Според Бешиќ и Ѓукановиќ, религијата претставува културно - историски условена и колективно констатирана вера во светото кое е од трансцендентна природа. (Bešić.Đukanović, 2000:32) Во ова дефиниција на Бешиќ и Џукановиќ религијата содржи пет елементи и тоа: вера, свето, колективно, трансцендентно и културно-историска условеност.

Религијата е мултидимензионална: субјективна и објективна, индивидуална и колективна појава. (Костовски, 1972:31)

Од горе наведеното можеме да заклучиме дека во корпусот на социјалната концепција постојат бројни дефиниции за религија, кои покажуваат колку многу религијата е комплексен и значаен феномен во општественото живеење, што не ни дава за право да се амнестираме од аналитичноста во нејзиното проучување. Од страна на авторите е проучувана религијата во контекст на односот или релациите што ги има со заедницата, науката, општествената свест. Ова произлегува од потребата што религијата е истовремено и културно и историски условена категорија, а воедно претставува и колективна установена вера во светото на кое му се придава трансцендента природа. Определувањето на компонентите на религијата, начинот на нивната поврзаност во еден систем, функциите што таа ги има, доведува да добиеме поцелосна слика за овој комплексен феномен. Од друга страна да ја исперцепираме важноста и специфичноста на религискиот систем

во однос на улогата што ја има во функционирањето на општествена заедница.

Потешкотиите во дефинирањето на религиозноста што исто е предмет на овој труд, е отежнато од причина што не постои јасна дистинкција помеѓу религиозното и нерелигиозното

Природата на тешкотиите доаѓа оттаму што со еден термин не може да се отслика односот помеѓу внатрешното религиозно искуство и надворешните негови облици на исполнување. Во денешно време може да се констатира ослабнување на црковниот модел. Тоа е сосема разбирливо од причини што религијата како сложена социолошка појава не можеме да ја сведеме само на поврзаноста на верникот со црквата. Оддалечувањето помеѓу надворешната и внатрешната религиозност е поочигледен. Тенденцијата, надворешната религиозност да се поистовети со културното однесување на човекот е се повеќе присутна.

Во овој труд ќе се движиме во рамките на поимот класична религиозност. Парадигмата за одредувањето на класичната религиозност се христијанството и исламот кои претставуваат класични и монотеистични облици кои се присутни на нашиот простор.

Класичната религиозност ќе подразбира вера во свето, еден Бог, усвојување на основните религиски верувања на дадената конфесија на која припаѓаат верниците, нивото на знаење што ги имаат за верата, секако ќе го опфатиме религиското практикување и одредени модели на однесувања што се засновени на религиските морални норми.

Религиозноста како општествена појава не е достапна за перцепција. Порано, социологијата на религијата како предмет на истражување ја имала црковната религиозност. Црковната религиозност се мерела со индикаторите кои се однесувале на партиципацијата на верниците во црковните обреди. Но ваквиот пристап не е одржлив, зошто не е во можност да овозможи подлабока анализа, ниту целосно не ја отслика религиозноста. Ваквото согледување придонело авторитетите кои се занимавале со религиозноста да бараат нови

индикатори, што ќе овозможат посеопфатен увид на религиозноста, а со тоа и напуштање на традиционалните пристапи на религиозноста.

Религиозноста е категорија, која допира во најдлабоките слоеви на човековото битие и ја претставува внатрешната страна на човекот, неговите ставови, верувања, мислења, чувства, а тие од друга страна се недостапни за перцепција, односно не се предмет на надворешно набљудување. За религиозноста заклучуваме преку надворешните манифестации на религиозното искуство. Надворешните манифестации на религиозното однесување на верниците претставуваат индикатори на религиозноста.

Претходно напоменавме дека компоненти на религијата според Павичевиќ се: самото верување како систем на верски замисли, религиски чувства, култот и религиските симболи, одреден систем на морални норми, учеството во верската организација. (Pavicević, 1989:151)

Секоја од наведените компонентите на религиозност може да се изрази во димензија која може да варира од целосно отсуство на тој елемент до целосно негово прифаќање. Во рамките на компонентите на религиозноста постои широк дијапазон на показатели што дозволува да се зборува за хиерархија на индикаторите врз чија основа се утврдува слоевитоста на религиозноста и нејзините елементи. (Kuburić, 1996:40)

Според Глишиќ, религиозноста се испитува со индикатори кои припаѓаат на две области и тоа: првата група индикатори се однесуваат на вербалните искази на испитаниците за религиозноста, а вторта група на индикатори се однесува на религиозното однесување на испитаниците. (Глишић, 1982:66)

Исто така да напоменеме дека и ритуалот се зема како индикатор на религиознаста, односно се зема во предвид учеството во поединечни облици на ритуалот, како што се учество во секојдневните молитви, посета на богослужбите и други.

Степенот на религиозноста е поголем доколку верникот реализира повеќе од индикаторите. Слабеењето на било кој индикатор имплицира намалување на степенот на религиознст.

Секако важен индикатор на религиозноста е учеството на верниците во активноста на црквата како организација. Но мораме да напоменеме дека целосна комплетност на сите индикатори никогаш не била реализирана.

Штефица Бахтијаревиќ, индикаторите ги сместува во две групи: религиска идентификациаја и религиска партиципација. Под идентифиација подразбира мисловно и емоционално усвојување на религиските верувања и вредносните религиски вреднувања. Додека пак религиската партиципација претставува верниково учество во ритуалите и црковните активности. Религиската партиципација се карактеризира со видливост и манифесност и не секогаш укажува на постоење на религиски верувања. Зошто учеството во религиските обреди, може да биде резултат на конформизам со средината. (V.Pavičević,1975 br:114)

Освен преку религиозноста која претставува субјективна димензија на религијата, потребно е да нагласиме дека религијата егзистира и како специфична организација, односно како конфесионална заедница. Во македонскиот простор што всушност е предмет на наш интерес делуваат Македонската Православа Црква и Исламската Верска Заедница.

Црковна религиска идентификација имаме тогаш кога верникот верува на начин кој го одредила црквата. Црквеноста претставува институционалност на личната религиозност, односно поврзаност на верувањата, чувствата и однесувањата со црковните норми. (Bahtijarević, 1975:85)

## 1.2. Елементи на религијата

Имајќи предвид дека религијата претставува сложен феномен, за да можеме да добиеме поконкретни сознанија за неа, се наметнува потребата од објаснување на нејзините составни елементи.

Со анализата на компонентите ќе се сфати дека религијата всушност претставува систем кој ја претставува структуралната поврзаност на нејзините елементи. (Pavičević, 1980:14)

Имајќи во предвид дека постојат многу дефиниции и размислувања за религијата, тогаш самото одредување на нејзините компоненти е отежнато. Од друга страна и сите компоненти не се секогаш еднакво присутни. Доколку некоја компонента на религијата отсуствува, или не е присутна можеме да констатираме дека има ослабување на религијата или општественото значење го нема во одреден облик на индивидуалната религиозност. Ослабувањето на некоја од компонентите на религијата упатува и на ослабеност на општествената функција на религијата.

Во зависност од кој елемент на религијата авторот тргнува или ќе му даде преоритет е одлучувачки во дефинирањето на овој сложен феномен. Има автори што го потенцираат симболот, како клучен елемент, други верувањето во свето, ритуалите и така натаму. Ова е сосема разбирливо зошто секоја религија дава преоритет на одреден елемент на религијата и сите елементи немаат исто значење за секоја религија. Сите елементи на религијата сочинуваат една логичка целина, преку кои религијата ги исполнува своите функции.

Во овој магистерски труд во определувањето на елементите на религијата ќе ги земеме оние елементи кои ги вкучува Павичевиќ во самата дефиниција за религија:

- Верувањето во натприродното битие;
- Религиски чувства;
- Симболи;
- Ритуали и обреди;
- Религиска организација.

### 1.2.1. Верувањето во натприродното-вонземското битие

Првиот елемент што ќе го објасниме во овој труд е верувањето во натприродното, од причина што според некои социолози религијата почнува токму со свесноста за натприродното, односно тоа е основата на секоја религија. Некои автори сметаат дека тоа е минимум за дефинирање на религијата. (Cvitković, 2004. br:15)

Натприродното нема исто значење во сите религии и во различен историски контекст. Не постојат индикатори или социолошки карактеристики врз кои ќе го утврдиме постоењето на натприродното.

Натприродното се доживува на различни начини кај луѓето. Како резултат на сопственото искуство така е и прифатено верувањето во натприродното. Самото настанување на верувањето во натприродното е спонтано, пропратено со чувства и претстава за него, затоа и претставите за него се различни.

Поим што е обединувачки за религиите е токму верувањето во натприродното. Но според Диркем, тоа верување не било отсекогаш. Несомнено натрприродното било непознато за примитивните луѓе.

Постојат автори кои религијата ја определуваат како верување во Бога. Покрај потребата религијата да се сведе на полето на монотеизмот, сепак треба да се констатира дека постојат религии каде што Бог не постои, а тоа е случај со анимизмот, таоизмот, будизмот и други религии. Во времето кога егзистирал анимизмот, духовите имале значење за тие луѓе, постоело верување дека душата по смртта на човекот излегувала од телото. Верувањето дека одредени предмети, животни се свети претставувало верување на тотемизмот. Верувањето во Бог се јавува покасно токму за воспоставување ред од страна на верските заедници, укажувајќи дека тоа е вистинскиот начин за претставување на вонземското.

Се верува дека натприродното е заинтересиран за човекот, а истовремено човекот може да има влијание на натприродното. Употребата на симболите е карактеристика само на човекот. Тоа може да се постигне преку симболи како што се молитвата, обреди, жртви. Затоа за натприродното секогаш се поврзува со определени норми и подразбира религиско спознавање. (Cvitković, 2004 br:15)

Имено, поимот верување во свето се поврзува со верување на натприродното и дава определена специфичност на религијата, при тоа без верувањето во свето. постоењето на религијата е невозможно. Истото го имаме и во друга релација каде не е замисливо постоење на натприродното без светото. Диркем ги разграничува поимите "свето" и "профано". Според кој светото и претходи на религијата и има надискуствена природа. Светото значи верување во нешто, кое може да комуницира со стварноста, а со тоа и да влијае на него. Светото се разликува од профаното поради несекојдневното, а тоа има исклучиво симболичка природа. За светото се поврзани многу обичаи, обреди дури и забрани. Светото може да ја обедини, сплоти заедницата, но сепак заедницата треба да се карактеризира со духовна отвореност, слобода на размислување. Карактерот на светото не е постојана категорија, туку во текот на историјата се менувал. Така на пример, Крстот за христијаните е симбол што е свето, за муслиманите има само културна или уметничка вредност. Куранот за муслиманите е света книга за христијаните има одредена културна вредност.

Свето е она што човекот и општеството го сметаат за свето. Светото е поширок поим од природното. (Šušnjić, 1998.br:63)

### 1.2.2. Религиски чувства

Секој религиозен човек има своја претстава за вонземското битие. Во тоа свое размислување за битието се појавуваат многу чувства кои го

одразуваат неговиот однос кон него. Од психолошка страна е сосема разбирливо, зошто каква претстава имаме за вонземското, така ќе бидат и чувствата обоени.

Религиозниот човек го замислува битието како семоќен, сезнајно битие, битие кои има неограничени дарови и моќи. (Pavičević, 1988 br:15)

Доколку човекот вака го поима вонземското битие како семоќен, ќе побуди определени чувства, кои ќе го одразот неговиот однос кон вонземското битие. Затоа од религиозните луѓе ќе дознаеме дека станува збор за лепеза на чувства кои можат да бидат позитивни и негативни. Спрема вонземското битие се јавуваат чувствата како што се: чувство на милост, чувство на блаженство, чувство на љубов, страв, срам. Кај религиозните луѓе се јавуваат и вишите чувства на пример: благодарност, возвишеност, восхит.

Во тој однос помеѓу верникот и вонземското битие пропратено со многу чувства, се јавува психолошката зависност. Самата претстава што ја има верникот за семоќноста на вонземското битие, доведува да човекот размислува дека среќата, лошото, доброто доаѓа и зависи од него. Таквото сфаќање ги насочува постапките на човекот, зошто се јавува стравот од казна, од уништување, доколку прави лоши дела.

Истиот Бог кој дава живот и поддршка, истиот ни го одзема. Затоа религиозниот човек чувствува кон Бога страв и зависност (Pavičević, 1980 br:16).

### 1.2.3. Ритуали и обреди

Религијата како комплексен феномен во својата структура ги има ритуалите и обредите. Од верувањето во свето и религиските чувства произлегуваат ритуалите и обредите. Доколку верникот вонземското битие го смета за семоќен, со неограничени моќи, проследено со бројни религиски чувства, разбирливо е дека верникот ќе превземе одредени активности со

намера да овозможи комуникација со вонземското битие, а со тоа да влијае на неговата волја, односно да се стекне со наколоноста на вонземското битие.

Ритуалот спаѓа меѓу најсложените облици на симболичкото изразување, кој вклучува зборови, звуци, движења, слики, предмети и човечки тела (Вукомановић, 2004:71). Ритуалите и обредите се во функција да се добие благонаклонетоста од вонземското битие, воедно да се ублажи и неговиот гнев. Ритуалот е општествена, групна активност која се случува внатре во самата заедница, тој има културен карактер и е научен во текот на животот.

За да го разбереме ритуалот потребно е да наведеме дека тој е како еден чин или драма, приказна, која има свој проблем што треба да се реши, а со тоа ќе биде разрешена и кризата. Ритуалот е пропратен со низа на чувства и расположенија.

Ритуалот е сложено симболичко изразување што има константна структура, чии елементи се постојани. Изненадувањата во ритуалот се исклучени. Претходно нагласивме дека тој се учи, односно се пренесува, од причина што е длабоко вкоренет во традицијата.

Ритуалот е длабоко вкоренет во традицијата и традицијата дава легитимитет за него. (Вукомановић, 2004:72).

Друга карактеристика на ритуалот е неговата повторливост, но таа повторливост не треба да има неуротичен карактер туку самиот ритуал да има посебна социјална функција.

Секоја религија има еден сложен сет на ритуали, обреди. Изведувањето на ритуалите е всушност надворешно манифестирање на религијата. Самото припаѓање на одредена религија значи вклучување во верската пракса. Верската пракса подразбира испонување на обичаи и обреди.

Религиските обичаи претставуваат воспоставен начин на однесување на верниците во дадени услови кои се сметаат за обврзувачки. (Cvitković, 2004:21)

Религиските обичаи се отпорни на надворешните и општествените промени кои се случуваат во заедницата. Нив можеме да ги поделиме на локални и универзални. Доколку религиските обичаи имаат локален карактер, тогаш во нив постојат елементи на народни обичаи. Оние религиски обичаи кои

имаат универзален карактер се важечки за сите верници без разлика на нивното етичкото потекло.

Спознајните и моралните елементи трпаат одредена штета со изедначувањето на религиозноста со обредите од страна на традиционалниот пристап.

Исто така, религиозните обреди како и религиозните обичаи се устален начин на однесување, со кои се покажува односот спрема светото и натприродното.

Обредите имаат симболичен карактер и се прават по претходно утврдени правила. Правилата строго се почитуваат и се однесуваат на молитвата, седењето, пиењето, јадењето, клањањето, тие се всушност и доминанти елементи во обредите. Секоја религија има свои засебни обреди. Со обредите се искажуваат религиските идеи, чувства и со нив се сака да се влијае на натприродното. (Cvitković, 2004:22)

Обредот е телесно организирање на верското искуство. (Šušnjić, 1998:160)

Обредите ја имаат функцијата на зајакнување на заедништвото меѓу верниците, со тоа се зајакнува и кохезијата на самата група, зошто имаат исти вредности. Обредите овозможуваат појава на чувството на припадност на заедничка вера. Според Диркем, религиските обреди придонесуваат кај верниците да се појави чувство на срека, сигурност. Треба да напоменеме дека истите тие религиски обреди можат да имаат и негативно влијание зошто се потенцирааат разликите помеѓу групите кои практикуваат различни обреди.

Обредите можат да бидат лични, обреди на заедницата и секогаш е важно значењето на обредот за оној кој го чини. Исполнување на обредите може да резултира со задоволување на религиските потреби, поголема интеракција и заедништво меѓу верниците, учење на религиско однесување.

Во зависност од религијата е и значењето на обредот. Обредите во одредени религии имаат позначајно место за разлика од другите религии, посебно источните религии даваат огромно значење на обредите.

### 1.2.4. Симболи

Значаен елемент на секоја религија претставува симболот. Зборот симбол потекнува од symbolon што има грчко потекло, што означува нешто да се претстави, покаже нешто што е општо, невидливо со знак, односно со нешто што е поединечно и видливо. Имаме предвид дека стварноста не е ја сочинуваат само појавите, туку од нешто што е многу поважно од нив, а тоа значењето што ја имаат самата појава.

Симболите се определени како конкретни и видливи и истите упатуваат на апстрактни поими и чувства.

Симболите во секоја религија се видливи знаци кои укажуваат на припаѓање на одредена религија. Верниците ги користат симболите за да укажат на нивните апстрактни идеи, суштини и религиозни чувства.

Главна функција на симболите е да претстават нешто друго или да потсетат на нешто друго. Религиските симболи имаат улога на моќни потикнувачи на човековото однесување и го имаат централното место во секоја религија. (Вукомановиħ, 2004:69)

Симболите можеме да ги класифицираме во две групи: религиозни и нерелигизни. Всушност сите имаат улога и влијание врз комуникацијата која се остварува помеѓу луѓето и влијаат на нивните секојдневните односи и релации.

Претходно напоменевме дека религискиот поим – вонземско битие се претставува како нешто што не може да се виде и е сосема поразличено од реалниот видлив свет. Токму поради тоа религијата ги користи или се служи со симболите кои се конкретни, поединечни. Религиозните симболи се разни предмети, дејствија, зборови кои имаат функција да упатат на оностаното битие.

Религиските симболи се конкретни предмети или дејствија кои упатуваат на основните апстракни религиски поими или објекти (Бог, вонземниот свет) (Pavičević, 1980:17).

Најзначаен симбол во христијанската религија е крстот. Тој постоел и пред појава на христијанската религија, но со распнувањето на Исус Христос на крст станува симбол или знак на христијанската вера и претставува штит од секое можно зло.

Разбирањето на религиските симболи ни овозможува да ги разбереме значењата на поимите како во склоп на својата култура, религија така и надвор од нив. Религијата опстанува и живее преку нејзините симболи, а тоа значи дека религијата ќе згасне, ако симболите ја изгубат своја сила и моќ.

### 1.2.5. Религиска организација

Религиската организација исто така е важна компонента во религијата. Верниците кои имаат исти верувања, користат исти симболи, имаат исто религиско практикување се организираат во посебни групи; односно луѓето кои припаѓаат на иста вера се здружуваат во организиран облик или организација. Во текот на времето религиските групи се институционализираат и имаат за цел да служат за остарување на религиозните потреби на нивните членови. Институционализирањето е неопходно за да може религиската група да стане цврста и трајна заедница. Таквиот процес не е исто развиен во сите религиозни групи.

Во рамките на религиозните групи помеѓу верниците постојат многу односи и тоа како помеѓу верниците на групата, истовремено постојат односи помеѓу верниците и свештениците.

Дали некој ќе припаѓа на одредена религиозна група е работа на сопствен избор, но може припаѓањето да се стекне и со самото раѓање. Исто така улогата на верникот во религиозната организација може да биде активно и формално.

Постојат сфаќања за поистоветување на религијата со религиската заедница, а не се земаат во предвид личните религиските чувства.

Религиските заедници привлекуваат интерес, нивното постоење подразбира и религиско водство од страна на одредени верници.

Религиското водство во рамките на религиските организации систематизира, унапредува и придонесува за ширење на религиското учење. (Cvitković, 2004:30)

Членовите на религиска организација постигнуваат договор за изборот на водачот при тоа ги одредуваат статусните димензии на неговата улога. Во рамките на религиската заедница најголем статус има водачот. Тој има за цел да го организира верскиот живот во заедницата. Колкав авторитет и моќ ќе има некој член на заедницата зависи од неговиот статус. Одредени религиски заедници на одредени членови им даваат статус на учители кои ќе имаат задача да ги поучаваат новите членови за учењето на нивната вера, обредите, обичаите.

Религиските заедници можеме да ги поделиме на: црква, секта, деноминација и култ.

Црквата е заедница која претендира да биде универзална, односно да ги вклучи сите членови на општествената заедница. Таа е голема верска организација, што се карактеризира со висок степен на организираност и воедно формализираност. Карактеристики на црквата се следните:

-таа во својот прв ред го поставува свештенството кое е професионално;

-хиерархиска организација со прецизно определени положби и улоги;

-утврдени правила и норми на однесување;

-определена цел;

-средства за остварување на целта.

Членовите на црквата како резултат на нејзината универзална природа, припаѓаат на сите општествени класи, слоеви, тие се вклучуваат во општествениот живот од причина што црквата го прифаќа, а воедно и унапредува животот на овој свет.

Црквата е установа што значи дека има битни обележја на другите установи што се дел од општеството. Овде е неопходно да се истакне дека се

губи непосредниот однос помеѓу Бог и верникот, од причина што помеѓу нив има низа на посредници (црква, свештеници, папа, икони и други). (Đ.Šušnjić. 1998 br:272-275)

Сектата е помала група на верници, за разлика од црквата што има свој пат што ги оддалечува или раздвојува од големата верска заедница.

Суштината на сектите се гледа во опозициската улога спрема црквата и во одрекување од црковната вера, црковната организација и црковната власт. (Л.Милин, 1999 бр:34)

Нивното настанување не се поврзува со одвојување од големата верска организација, туку од потребата да ја осмислат духовната празнина во општеството. Постоењето на сектата може да се најде само во контекст на црквата, зошто тие го оспоруваат учењето на црквата, нивната организација или начинот на живеење на свештенството.

Сектата е мала заедница на верници, која се карактеризира со висок степен на интеграција, отсуство на организација, за разлика од црквата не постои хиерархиска структура ниту платени службеници.

Членувањето во сектата е прашање на сопствен избор, со пристапувањето во неа се прифаќа начинот на верување и живот што го прокламира таа. Претходно напоменавме дека сектата нема цврста организација, акцентот овде се става на неформалните односи помеѓу членовите, отколку на неформалните. Воглавно членовите на сектата доаѓаат од редовите на понижените, осамените, беспомошните, невработените, незадоволните. Сепак како мала заедница сектата нема посебно влијание врз црквата и општеството.

Деноминацијата како облик на верска организација нема тенденција да биде универзална и покрај тоа што претставува голема група на верници. Деноминацијата е институционализирана организација која е прифатена од општеството, со изграден рационален пристап кон религијата, нејзиното членството доаѓа од средната класа. Свештенството во ова организација се карактеризира со стручност.

Може да постојат различни деноминации во рамките на општеството, нејзините членовите покажуваат спремност да ги прифатат и почитуват правилата, вредностите и нормите на општеството и одвојувањето на државата од црквата е нивни став.

На крајот да ги наведеме култовите кои исто така претставуваат верска организација. Култот се карактеризира со неформално водство, не постоење на развиена теологија, етички правила, нема формално зачленување, има неформално водство, а со тоа и отсуство на јака социјална контрола.

На крајот можеме да заклучиме дека постоењето на сектите, деноминациите, култот, црквата ја нема доминантната улога, ниту монопол на верската вистина. Религијата е феномен што се избира, а не може да биде наметната.

## 1.3. Функции на религијата

За поконсеквенто и поцелосно објаснување и разбирање на религијата како сложена појава, треба да ја анализираме, структурално и функционално.

Структуралното анализирање на религијата е поврзано со нејзините составни делови. Структурата е всушност само еден начин на опишување на религијата, но тоа би значело дека религијата е статична структура, чии елементи постојат сами за себе, без никаква поврзаност со другите елементи, што би довело до заклучок дека не постои било каков однос со потребите, желбите и интересите на поединците и групата. Затоа се наметнува потребата религијата да се анализира од аспект на нејзините функции кои се остваруваат во личниот и општествениот живот на верникот. Религијата за да се разбере подобро треба да се набљудува во процес, дејствување, менување на општествените односи, зошто таа не е само духовна моќ, туку претставува и општествена сила. (Šušnjić, 1998 :361)

Функционалното анализирање на религијата имплицира поврзаност на религиските идеи, верувања, вредности, ритуали и друго. Религиската вредност се рефлектира со функцијата која ја има во одредено време и на одреден простор.

Моќта, големината и целокупното постоење на религијата е во фактот што религијата ги задоволува потребите на луѓето. За поимите функција и потреба можеме да кажеме дека се комплементарни. Со својата комплексност и мултифункционалност религијата излегува во пресрет на различни човекови потреби, а колкав ќе биде степенот на задоволување на човековите потреби во голема мера зависи од типот на религијата и од природата на општеството во кое се остварува. Мора да напоменеме дека овој однос не е еднозначен. Ако една појава ја задов олува потребата на другата, тоа никако не повлекува дека не постои можност наместо таа конкретна појава истата потреба да може да ја исполни и некоја друга појава. (Bešić I Đukanovic, 2000:47)

Потребите што ги задоволува религијата немаат само физичка природа, туку религијата тежнее универзално да го опфати човековото битие и неговата егзистенција, поради тоа има низа на функции кои се заеднички со останатите облици на човековото културно творештво. (Kuburić, 1996 :29)

Во стручната литература постои мноштво на различни мислења за тоа кои функции ги остварува религијата, а во рамките на овој магистерски труд ќе ги опфатиме следните функции:

### 1.3.1. Когнитивна функција

Во објаснувањето на когнитивната функција на религијата мораме да земеме во предвид дека секој систем на идеи и верувања во себе содржи сознајна димензија, аналогно на тоа секоја религија која претставува систем има функција на спознавање и објаснување на стварноста.

Религијата ја задоволува потребата на единката за спознавање. Потребата на спознавањето е императив кој му припаѓа исклучиво на човековиот род. Таа има за задача да одговори на многу прашања од типот: како настанал човекот, а со тоа да ги објасни аспектите на животот што го опкружуваат. Единката е оптеретена со прашања како настанал светот, која е неговата улога, место. Токму во вакви ситуации религијата е таа што дава одговори.

Религијата е целовит поглед на светот, вака определена укажува на тоа дека во себе содржи рационална, когнитивна компонента. Сепак не можеме да кажеме дека религијата има клучно значење и важност во одговарање на прашањата, бидејќи единката доаѓа до сознанија и по други алтернативи како што се интуитивен пат , преку сон и друго.

Многу поими на религијата имаат митски карактер. Религиозното сознание е дефинирано како највисок облик на сознание што му овозможува на човекот јасно да го разликува доброто од злото. Научната јавност се согласуваат дека религиозното знаење не објаснува толку многу колку што во себе содржи моќ на убедување.

Сознанието е сфатено како поширок поим од разумното (теориско, логичко, научно, рационално сознание) и изразува животен и личен однос. Тоа не е сознание за надворешните особености на појавата (сетилно сознание), туку сознание за внатрешната состојба на свеста. (Šušnjić, 1998 :368)

### 1.3.2. Комуникациска функција

Комуникациската функција задоволува значајна потреба на единката, а тоа е потребата да комуницира на повеќе нивоа. Човекот комуницира со Бог, со самиот себе, исто така и со другите луѓе кои се во неговата средина, природата, со други народи, култури, со мртвите.

Верникот е во комуникација со Бог кога сака да се поклони, покае, исповеди. Овој облик на комуникација што верникот ја има со Бог не е јавен, тој е таен и исполнет со апсолутна и мистична моќ. Верникот постојано е во комуникација со самиот себе, разговара со природата.

Комуникациската функција на религијата овозможува на единката дијалогот да се води на следните релации:

- разговор помеѓу верниците од иста вера;
- разговор помеѓу припадници на различни христијански вероисповести;
- разговор помеѓу верниците од различни вери;
- разговор помеѓу верник и неверник. (Šušnjić, 1998 :372)

Од гледиште на комуникацијата религијата претпоставува дека членовите на иста општествена заедница како припадници на ист систем на идеи, вредности и поими, стварноста ја перцепираат на ист начин. Истата перцепција овозможува оформување на заеднички јазик меѓу припадниците на истиот систем што ќе биде средство за меѓусебна комуниција. Од друга страна комуникацијата помеѓу припадници на две различни религии е сосема отежната, дури се поставува прашањето дали е воопшто успешна. Цвитковиќ комуникацијата ја определува на внатрешна и надворешна. Неговото гледиште е во насока дека полесно се остварува внатрешната комуникација помеѓу припадниците на иста религија, а многу потешко меѓу припадниците на ралични религии и религиски заедници. Ваквото гледиште следствено повлекува дека религијата и конфесијата можат да допринесат за зголемување на религиската дистанца. Ова произлегува од тоа што нивните сфаќања, вредности се сосема поинакви дури и идентичните поими имаат поинакво значење. (Bešić I Đukanovic, 2000 :49)

### 1.3.3. Идентитет – функција на религија

Функцијата на религијата идентитет ја задоволува потреба за друштвеност, општественост, односно се рефлектира во потребата на човекот да се идентификува со другите луѓе кои припаѓаат на неговиот свет на идеи, вредности, верувања.

Идентификацијата е појава на поистоветување на поединецот со некоја општествена група во која живее, при тоа многу често некритички ги усвојува нејзините идеи, верувања, норми и правила на однесување. Моќта на поистоветувањето е огромна и не смее да се потцени што може да доведе до поделба на членовите на исто семејство, односно членови на исто семејство стануваат припадници на различна вероисповест. Историјата познава случаи каде што братството по вера е појако и посилно и од крвната врска.

### 1.3.4. Етичка функција

Суштината на етичка функција е тоа што религијата дава на единката средства и насоки како да се ориентираат во светот. Оваа функција ја задоволува потребата на ориентир во животот на единката. Религијата му овозможува на човекот неговиот живот да го организира во смислена целина која е богата со секојдневно искуство кое континуирано се збогатува во односите со природната, општествената и културната средина. Религијата како систем на идеи, верувања и вредности има сила да го намали просторот на неодредености.

На човекот религијата му користи како компас во неговиот природен и општествен свет, а со тоа му се овозможува да делува целисходно. Оваа функција својата актуелност ја има во моменти како на лична така и на

општествена криза. Религијата ја одредува хиерархијата на работите, така селектира кои се важни работи, а кои маргинални. Суштината на етичката функција се состои во наметнувањето на одредени морални правила и принципи кои ќе бидат ориентир на верниците со чија помош ќе станат морални личности во општествената заедница во која живеат. Нормите на религијата треба да се издигнат на тоа ниво што ќе станат дел од свеста на верникот.

Оваа функција се остварува во формирањето на базичните морални правила и начела, во смисла што е морално прифатливо, што е задолжително, а што е "добро" и "лошо". (Cvitković, 2004:126)

Етичката функција не била својствена карактеристика на религијата отсекогаш. Од историјата познато е дека во рамките на грчката и римската митологија боговите не биле замислувани како морални, добри, туку биле битија со мани и слабости, со појавата на монотеистичките религии религијата ја добива етичката функција, а Бог се определува и дефинира како морален законодавец.

За пренесување на моралните норми од реалниот општествен живот во надземскиот божји авторитет, било неопходно одреден степен на развојот на човековата свест. Елементарна потреба на секое општество е стабилност и ред во односите помеѓу членовите на тоа општество, токму таа се може да се реализира преку моралните правила и норми.

Кога човекот успеал да го усогласи своето однесување со определени норми и при тоа ги прифаќа како свое уверување, тогаш можеме да заклучиме дека тој ја сфатил човековата и општествената смисла на нормите, односно тогаш човекот се карактеризира со морална зрелост или е морално оформен. (Башкими, 2009:28)

Автономната моралност, човекот ја стекнува на одреден степен од својата рационална и емоционална зрелост. Оттука произлегува дека на автономната фаза и претходи фаза со елементи на хетерономија. (Pavičević, 1980 :28)

Несомнено е позитивното влијание на поврзување на моралот и религијата. Верникот кој го замислува Бог како семоќен, тој се гледа и слуша, ќе

има влијание врз неговото однесување, ќе ги контролира и усогласува своите постапки и дела со нормите на религијата.

Базичната димензија на религиската свест се пронаѓа во свеста за божеството како моделатор на животот на верникот. Бог е морален законодавец и судија. Таквата констатација произлегува од таму што личноста својот морален карактер ја гради преку процес, а во тој процес треба да се раководи по одреден морален идеал. Единствено улога на морален идеал може да биде Бог. Религијата преку етичката функција овозможува човекот да се изгради во морална личност, ќе го даде најдоброто од себе, ќе тежнее кон идеал кој е недофатлив и мистичен. Со почитувањето на Бог, човекот тежнее да биде подобар, посовршен, тежнее кон вистината. За верникот Бог освен што е морален идеал, тој е извор на вера и надеж, олицотворение на сите морални вредности.

Но треба да напоменеме религиски заснованата етика може да дојде во судир со одредени хуманистички вредности, зошто на врвот на својата вредносна скала поставено е нешто надсветовно, надприродно за кое се нема знаење, туку само верување. Религија за да го одржи своето посебно верување, го прогласува за единствено исправно верување, затоа присутна е можноста за верски елитизам, односно чувство и верување во "избраност" или "правоверност", а останатите религии се нешто пониско. (Kuburić, 1996 :31)

Бешиќ и Џукановиќ во книгата "Богови и луѓе" истакнуваат дека "верникот без религија би бил осамен во светот што го опкружува и тешко би го нашол своето место во него". Оттука ќе нагласеме дека религијата е морален ориентир на верникот, што му одредува кој е морален, а кој неморален чин.

### 1.3.5. Адаптивна функција на религијата

Како што претходно истакнавме религијата нуди решенија за сфаќање и разбирање на светот, исто така дава ориентири за морално однесување на

верникот, но сепак во реалниот живот се случуваат ситуации во кои верникот се чувствува непријатно, фрустрирачки, неправедно, ситуации што не може да ги разбере, дури сака да ги избегне. Токму во овие ситуации религијата може да послужи како адаптивен механизам во кризни ситуации. Верникот има потреба да се прилагоди на ваквите ситуации, а религијата ја задоволува таа потреба.

Таа го олеснува емоционалното и духовното прилагодување на сите промени без разлика дали се лични и општествени. Религијата со тоа што им дава одредено значење и смисла на промените, последователно доведува до воспоставување ред и постојаност на заедницата.

Религијата во себе не ја има моќта да го ослободи верникот од страдања, но овозможува тие полесно да се поднесат. Таа се обидува она што е рационално несфатливо за верникот да му даде некаков облик и смисла и да ги оправдат тие појави како божјо дело. На пример, религијата нуди дефиниција според која смртта е божјо дело и така треба да се прифати. Религија во која постои верување за бесмртност на душата, делува помалку фрустрирачки на своите верници кои изгубиле некој близок. (Cvitković, 2004 :122)

Под успешна адаптација се подразбира да не постојат изненадувања, туку во секојдневниот живот да е се точно дефинирано и да се предвидат последиците. Кога постојат воспоставени идеи, верувања, норми, единката се чувствува безбедно и прилагодено. (Šušnjić, 1998 :415)

### 1.3.6. Компензаторска функција

Со развојот на општеството, индустрискиот развој, многу универзални потреби на човекот остануваат неисполнети. Желбата за живот после смртта не е достапна за човекот. Според Старк и Бејнбриџ, религијата не им ја испонува на луѓето желбата за вечен живот, туку им нуди компензација, која се состои во верување дека доколку единката се однесува на одреден начин на крај ќе биде

наградена. Религијата во својата суштина настојува да се задоволат желбите, или според Старк и Бејнбриџ да се обезбеди награда. (Hamilton, 2003:353)

Доколку наградите не се добијат во сегашноста, тогаш тие ќе следат во иднина. Според Старк и Бејнбриџ, човекот отсекогаш сакал да ги знае причините за своето постоење. Која е крајната цел на живот? Има ли животот смисла?

Религијата нуди одговори на универзалните прашања и ги задоволува универзалните човекови потреби.

Имајќи предвид дека човоекот во текот на животот се соочува со безброј страдања, религијата му помага со разни начини на компензација на тие страдања. Религијата на верникот што има психолошки страдања, му помага да ја задржи самодовербата, да верува дека се ќе му биде компензирано во оноземскиот живот. На истиот начин се компензираат страдањата кога се економски прашања, социјални, етички, когнитивни, физички.

Компензаторската функција на религијата им дава сила на верниците кои поминуваат низ своите страдања во текот на животот, им дава надеж дека се ќе биде компензирано во оноземскиот живот.

Сепак, религијата не е еднствен начин за надминување на човечката фрустрираност од смртта и други животни потешкотии, туку преку остварување на дела и постапки кои би биле вредни за други луѓе, човекот ја постигнува моралноста и човековата бесмртност односно неговата личност трае и после физичката смрт.

### 1.3.7. Општествено – интегративна функција на религијата

Претставници на функционализмот, сметаат дека религијата има важна улога во интегрирањето, поврзувањето и идеолошкото соединување на самото глобално општество. Потеклото на поимот религија, што значи поврзување само по себе укажува дека религијата ја содржи интегративната функција, односно го јакне колективниот дух, доведува до постабилен општествен систем. Оттука

можеме да кажеме дека ако степенот на интеграција е поголем, тогаш ќе биде поголема и вкупната моќ на заедницата. Религијата, која ја определуваме како заеднички духовен свет за припадниците на една заедница, ќе овозможи полесно и поцврсто да се интегрира општеството односно заедницата. Интегрирањето се постигнува преку соединување на членовите на заедницата преку заеднички духовен свет, заеднички вредности, идеи и верувања. (Bešić I Đukanovic, 2000 :50)

Според Емил Диркем како претставник на функционалистите, религијата има позитивна општествено-интегративна функција. Религијата ја јакне општествена кохезија, таа е средство за зајакнување на општествените норми, што доведува до поголема општествена солидарност и свест за заеднички живот, а со тоа и до стабилен општествен систем. Функционалистите влијанието на религијата го стават на општеството и на неговите вредности, а не на поединците. Според нив религиски се сите идеи и верувања кои придонесуваат за интегрирање на општеството.

Интегративната функција на религијата, во архаичните и историските надминати општества, била повлијателна и поопфатна за разлика во модерното општество. Модерното општество се карактеризира со општествена диференцијација бидејќи е составено од низа на општествени групи. Класичната религиозност не ја има целосно улогата на интеграција, зошто таа се остварува со поинакви, институционализирани механизми кои се протегаат низ целото општество. (Bešić I Đukanovic, 2000 :51)

Религијата не мора секогаш во секое општество да има интегративна функција, таа може да врши и дезинтегративна функција. Дезинтегративната функција на религијата ќе биде изразена ако општеството е изложено на постојани промени, промени кои не се во склад со вредностите на религиската заедница; во општеството во кое егзистираат повеќе религии; кога одредени социјалните промени влијаат да се намали привлечната сила на ритуалот и системот на верувања; членовите на општеството имаат различни модели на однесување; тогаш кога членовите на едно општество поради нереализираните очекувања се чувствуваат фрустрирано, исто така кога за општеството е

карактеристична остра поделба на класи и други хиерархиски уредувања и други фактори.

### 1.4. Видови на религијата

Во претходниот делови на овој магистерски труд, констатиравме дека религијата е сложен комплексен феномен кој во својата суштина ги вклучува погледот на светот, чувствата и одредени активности. Воспоставување типологија на религијата како индивидуална и општествена појава е задача на Социологија на религија. Типологијата на религија зависи од изборот на критериумот што ќе се зема во предвид.

Во зависност на изборот на критериумот религијата може да се диференцира според: степенот на религиската општост, начинот на настанувањето, степенот на распростанетоста, односот спрема Бог, смртта итн.

Во научните кругови конститутивните елементи можат да се искористат за типологија на религијата. Направена е типологија или класификација на религијата врз основа на тоа кој елемент е доминантен, но сепак треба да појасниеме нагласувањето на еден елемент не значи дека останатите елементи недостасуваат. Врз основа на овој пристап ја имаме следната класификација:

-догматски или теолошки тип на религија;

-етички тип;

-ритуалистичен тип на религија;

-црковен или институционализиран тип;

-харизматски тип на религија.

Во догматскиот тип религијата својот акцент го става на верското учење, знаење, етичкиот тип на религија за свој доминантен елемент ги има

религиските чувства. Во ритуалистичниот тип се нагласува практикувањето на ритуалите и обредите.

Според начинот на настанувањето на религиите ја имаме следната класификација: основани – што значи дека тие религии имат утврден, познат основач, кои преку своите ученици ја ширеле религијата и природно настанати се всушност народните религии кои немаат утвден основач.

Религијата можеме да ја поделиме на два вида: политеистичка и монотеистичка религија. Карактеристично за политеистичките религии е верувањето во повеќе боженства кои владеат со природата исто така и со човековото делување. Политеизмот бил карактеристичен за старите, пагански религии. Во политеизмот на боговите и божиците им се препишувале посебни важни функции. Политеистичките религии се сметаат за повеќе ритуални и обредни, помалку теориски. За разлика од монотеистичките религии, политеистичките побавно се шираат меѓу народот. Најзначајни стари религии биле всушност политеистичките како што се примерите за египетска, грчка, римска, нордиска. Констатирано е дека скоро сите народи во Европа пред примањето на христијанството биле политеисти, денес речиси се исчезнати односно не постојат.

За монотеистичките религии можеме да кажеме дека е карактеристично обожувањето на единствен Бог, давањето на еден *theos* апсолутна моќ,. Таквата карактеристика ја прави главната диференцијација помеѓу политеизмот и монотеизмот.

Политеистичките религии најчесто се народни на кои основачот е непознат и се смета дека се појавиле како резултат на колективната свест, а монотеистичките религии се наднационални и универзални. Монотеистичките религии воглавно не се ограничуваат на еден етникум или држава, тие излегуват надвор од географските рамки. Исус, Мухамед, Буда се познати како основачи на монотеистички религии, како што се христијанството, исламот, будизмот.

Монотеистичките религии се сметаат за сотеролошки, односно спасувачки, ова се објаснува со тоа што пророкот е сфатен како спасител на

народот. Монотеистичките религии светот го определуваат како полн со зло, а спасот треба да се најде во постхумниот свет. Определувањето на духовното над материјалното е заедничка карактеристика на сите монотеистичките религии.

Испитаниците односно анкетираните лица кои се вклучени во овој магистерски труд припаѓаат на две религии и тоа: христијанството и исламот. Христијанството и исламот се монотеистички религии со свои основачи, а ќе дадеме осврт на овие два религиски системи со цел да ги определиме нивните базични карактеристики.

### 1.4.1. Христијанство

Христијанството ги опфаќа сите христијански цркви, заедници, секти, а на сите нив им е заедничка верата во Исус Христос. Христијанството има дефинирано етично-мистична структура, таа е спасувачка е насочена есхатолошки. Христијанството е засновано врз животот, учењата и делата на Исус Христос, како негов основач. Можеме да кажеме дека христијанството има исти многу религиски текстови со Јудеизмот, а Хебрејската Библија се смета за заедничка и за двете религии. Во христијанскиот контекст Хебрејската Библија се препознава како Стар Завет. Христијанството после одвојувањето од јудаизмот прераснал во светско религиско движење, што денес има 2,5 милијарди верници, затоа со право се смета за најраспростанета религија.

Во рамките на христијанството како резултат на различните култури, етникуми егзистираат повеќе групи со различни верувања. Имено можеме да нагласиме постоење на повеќе конфесии: православна, католицизам, протестантизам, монофизитство и несторијанство, а на нив се надоврзуваат и соодветните цркви: православни цркви, католички, протестантски и источни преткалцедонски цркви.

Без разлика на постењето на многу групи во рамките на христијанството заедничките догми се следните:

- Бог е единствено и вечно битие. Отецот, Синот (Исус) и Светиот Дух се три посебни, но сепак неделиви личности;
- Исус е месија, тој е спасител на народот, неговото раѓање било пророчено во Стариот Завет;
- Исус Христос е истовремено Бог и човек, односно се објаснува како две природи во една личност;
- Распетието и воскресението;
- Исус Христос и спасението; Токму од ова догма голем број на Христијани спасението го толкуваат како можност по нивната смрт да влезат во рајот;
- Второто или повторното доаѓање; Христијаните веруваат во општото воскресение, а тоа значи дека сите луѓе ќе станат од мртвите на крајот на светот за да им биде судено од Исус за нивните дела;
- Верувањето во задргробен живот.

Извори на христијанството се пишаните објави (Светото писмо, Стариот и Новиот завет) и значаен извор претставува традицијата пренесена преку усмено христијанските преданија, од генерации на други генерации. Христијанството е организирано во видлива заедница на верници, односно црква. Всушност низ историјата се појавуваат повеќе христијански цркви и секти. Во православната и претkалцедонската црква владее синодот на чело со патријарх или митрополит и се определени како афтокефални. Во католичката црква, како организирана заедница, устројството е строго централизирано и хиерархиски подредено (папа и бискупи) и е наднационална. А во протестанската црква карактеристично е што нема свештеничка хиерархија, а некои од нив биле државни. (М.Вукомановиќ, 2004 бр:25)

Литургијата се означува како чин на јавно служење или "служење на Бог", а историјата на литургијата може да се подели на неколку периоди: апостолско време, патристичко, средновековна литургија, период на

реформација и модерно време. Сите овие периоди несомнено допринесуваат за развој на христијанството, развојот бил постепен и историски условен. (М.Вукомановиђ, 2004 бр:23)

Христијанството не е еднозначно учење, во различни период од своето постоење или на различни простори кон световните вредности остваруваат разни типови на односи.

Седумтте свети тајни по кои православните и католичките христијани се препознатливи и го слават Бог се: Крштевање, Свето Миропомазание, Причест, Свештенство, Исповед, Брак и Елеоосветување, но да напоменеме дека еден дел од протестантските следбеници на Мартин Лутер ги признаваат првите две тајни, односно Крштевање, Свето Миропомазание, а не и останатите пет.

Имено, можеме да констатираме дека сите христијански традиции ги почитуваат моливата, читањето на Библијата и моралниот живот.

За некои конфесии (православната католичка, несторијанска, монофизитската) големо значење има литургискиот календар. Овие календари се состојат од слави и пости, по кои се придржуват христијанските верници. Од календарот може да се забележи дека постите секогаш им предходат на славите. Потребно е да се наведе дека има два значајни настани кои се акцентирани во христијанскиот календар, а тоа е раѓањето на Исус Христос и Христовата смрт. Прославувањето на Божиќ и Велигден е масовно, дури и христијаните кои не го следат или не се придржуват на литургискиот календар ги прославуваат, со некои одредени разлики во датумите. Неколку цркви имаат став за непостоењето на посебни празници и во своите дискусии многу приговараат на фактот што славењето на Божиќ и Велигден е паганско.

Крстот е најпознат христијански симбол, кој може да се најде во различни варијации, исто така ихтисот (риба) и котвата се христијански симболи. Крстот своето симболично значење го добива со распнувањето на Исус Христос, оттогаш станува нешто што е свето за сите христијани.

Централно место во христијанството има моралот, оттука се определува како етично мистична религија. Во Десетте заповеди е нагласена личната

одговорност за секоја постапка, а во новиот Завет посебно место има начелото на љубов спрема Бога и ближниот. Според христијанската религија секој акт или чин на било кој човек без разлика дали е класифициран како добар или лош, нема да биде игнориран, незабележан, туку ќе има своја улога кога Бог ќе му го одредува местото на верникот. Христијанските моралисти во новото време ја акцентираат улогата на општествената страна на моралот, важноста од почитување на човековите права и социјалната праведност.

### 1.4.2. Ислам

Втора религија по распростанетост, по христијанството е исламот. Исламот исто така е монотеистичка религија. Зборот "ислам" буквално преведено значи потчинување на божјата волја. Следбениците на оваа религија се нарекуваат муслимани. Муслиманите веруваат дека Бог го предал своето учење преку разни пророци, а Мухамед бил последниот Божји Пратеник. Исламот се дефинира како систем на закони кои се во функција да му помагат на човекот да го олеснува животот и да го прифати Бог како создател.

Постојат пет елементи во исламот, односно како што се нарекуваат столба и тоа се:

- Шехадет („сведочење“) - овој столб значи потврдување на верата, признавање на трансцендентноста и единственоста на Мухамед. Според исламското учење со изјавата "Нема Бог освен Бог и Мухамед е божји пратеник" секој може да стане следбеник на исламот, односно муслиман. (М.Вукомановиħ 2004:30)
- Намаз („молитва“) – молитвата претставува обврска на секој муслимански верник. Овој столб подразбира петдневни молитви, а времето на исполнување на молитвите е одредено или зависи од положбата на Сонцето на небото. Овој столб е облигаторен за сите

муслимани кои се полноленти и свесни, односно немаат психички недостатоци, а за оние кои имаат физички недостатоци исто така е обврзувачки, но тие верници имаат некои олеснувања кои се одредени во Куранот.

- Пост (Исламски пост) - третиот исламски столб е постењето. Овој столб исто како и молитвата се задолжителни. Постот е обврзувачки во месецот на рамазан, исто така за пожелно се смета и шест дена во месецот на шевал, три дена секој месец. Постот за време на рамазан е задолжителен за сите муслимани кои се полнолетни и за сите оние се рабира можат здравствено да го издржат. Правило е оние верници кои не можат да постат за време на рамазан, можат да надокнадат отпосле.
- Зеќат е четвртиот активен битен елемент на верувањето - зеќатот се поврзува со богатството на муслиманите. Сите муслимани кои имаат определено богатсво (над основното за живот) се задолжуваат да дадат дел (делот е определен на 2,5%) од своето богатство за сиромашните луѓе. Според исламот делењето е поврзано со богатството што го поседуваат. Доколку државата е организирана Исламска Држава тогаш зеќатот го собира и го дели државата. Овој столб има изразен социјален карактер.
- Хаџ е петтиот и последниот столб на Исламот. Овој столб е обврска на секој муслиман кој има финансиски средства барем еднаш во животот да го посетат Мека, а во чие средиште се наоѓа Каба. Тоа претставува најголема светост во исламот.

Карактеристично е што муслиманите не веруваат во христијанскиот концепт на Божјето тројство, тоа го сметаат како политеистички елемент. Исто така за името "Алах", муслиманите не одредуваат род и множина. Друга особеност на исламот што не се дозволени визуелни слики за Бог, зошто тоа може да доведе до идолопоклонство, што секако тоа не го дозволува исламот.

Куранот за муслиманите не е само книга во кои се изнесени научни или теолошки аргументи, туку многу моќен текст во кои се напишани божјите пораки. Извор на исламската теологија, метафизиката како и исламските права муслиманите го наоѓаат во Куранот. Куранот е составен од 114 сура или поглавја со различен број на стихови или ајети. (М.Вукомановић, 2004:30). Куранот за христијаните е книга што има само културен карактер.

Исламот е отворен за сите и не прави разлика помеѓу луѓето во однос на раса, возраст, пол или претходна вера. За да се биде муслиман, не мора некој да е роден, доволно е да се сака, верува во главните исламски верувања и по тоа да се постапува. Ова формално се постигнува со рецитирање на сведоштвото *шехадетот*, кое треба да биде кажан искрено и од срце. Доколку некој не даде изјава не може да стане муслиман. Доволно е човек да верува, да се декларира како муслиман и да се однесува на начин кој му прилега на еден муслиман за да биде прифатен во исламската заедница на верници.

Шеријатот е определен како исламско право според традиционалното исламско учење. Изворите на исламското право се наоѓаат во: куранот, сунетот, иџмата и кијасот. Со исламското право се опфатени и регулирани сите сфери на живеења како што се: забраната за убиство, прељуба, пиење на алкохол, ги регулираат правилата за постење, молитвата, има правила за наследство, брак, надоместоци за оштетување и друго.

Според исламското право богохулието и одметништвото се дефинирани за сериозни кривични дела и секогаш се казнуваат со смрт. Според исламското верување секој човек има два ангели чувари, кои ги нотираат добрите и лоши дела на верникот, за на денот на страшниот суд ќе поднесат извештај на Алах и врз основа на тоа ќе се одлучи дали тој ќе оди во рајот или пеколот. Во Куранот пишува дека оние кои веруваат и прават добри дела ќе ги воведеме во џенетски дворови низ кои тече река. Желбата ќе се оствари, а Алах ќе ги награди благодарните. (Stark,R, Bainbridge,W.S, 1980:114-120)

Исламската верска заедница се карактеризира со толерантност во однос на другите религии и го негуваат ставот дека сите оние кои прават добри дела и веруваат во еден Бог, ќе ја добијат својата награда на Судниот ден.

Во рамките на исламската религија има два ограноци: сунизам и шиизам. Разликата меѓу овие две групи суитите и шиитите не се толку големи и се однесуваат воглавно на обичаите и праксата кои ги исполнуваат.

Муслиманите не признаваат никаква икона или боја како света во исламот, тргнуваат од начелото возвишувањето на симболички или материјални нешта е спротивно на монотеизмот.

# 2. КРИМИНАЛИТЕТОТ КАКО ОПШТЕСТВЕНА ПОЈАВА

## 2.1. Појмовно определување на криминалитетот

Криминалитетот (кривичното дело) како индивидуална појава претставува централен поим во криминологијата. Оттука можеме да кажеме дека предмет на изучување на криминологијата се појавните облици на криминалнотото однесување. Исто така предметот на интерес на криминологијата ги вклучува и обемот, распространетоста, карактеристиките на сторителите на кривичните дела и други аспекти. Девијантното поведение всушност доведува до сериозно нарушување на системот на вредности, од причина што доведува до отстапување од општествените норми, а со тоа се прави и повреда на правниот поредок на една земја.

Според Сулејманов Зоран и Стојановски Нелко – „девијантно е она поведение со кое се нарушува една општествена норма на која следува неформална реакција“. (З. Сулејманов, Н. Стојановски, 2002)

Првиот дел од оваа дефиниција укажува на тоа дека поведението кое што е девијантно доведува до нарушување на норми кои се препишани од даденото општество, тогаш можеме да се согласиме дека со девијантното однесување се повредува и кривичниот закон на тоа општество.

За да го опфатиме поцелосно пимот криминалитет ќе го нагласиме делот од дефиницијата за кривично право која ја определува Маријановиќ, односно формалната или правна дефиниција. Како кривично или казнено право се нарекува делот од правниот поредок што определува кои човекови поведенија ќе се сметаат за кривични дела и каква ќе биде правно организираната реакција на општеството против сторителите на тие дела. (Ѓ. Маријановиќ, 1998)

За оние поведенија на луѓето кои во кривичниот закон е пропишана кривична санкција може да се определат како поведенија кои ја чинат суштината на криминалитетот како една од општествените појави кои ги има во секое општество. За едно дело да го определиме како кривично треба да ги содржи следните елементи: забраната на одредено дејствие (правење или пропуштање), втор елемент кој е многу важен за едно дело да биде кривично е дејствието и субјективниот однос на сторителот кон него и кривичната санкција. Физичкото лице може да биде извршител на кривичното дело и во уредна постапка и тоа водена исклучиво од страна на судски орган може да се изрече санкција за тоа кривично дело.

Криминалитетот како исклучително хетерогена појава која се појавува во најразновидни облици, може да се разгледува од многу аспекти: тежината на кривичното дело, според објектот на нападот или објектот на дејствување имаме насилнен, економски, политички криминал. Погоре спомнавме дека физичкото лице е сторител на кривично дело тогаш треба да имаме во предвид неговите карактеристики како што се: полот, староста, образованието и други карактеристики на извршителите. Исто така неминовно е определувањето на кој начин е извршено кривичното дело, кои средства се користеле за негово извршување, местото каде што е извршено кривичното дело и многу други аспекти.

Уредната статистичката евиденција која се води за извршените кривични дела овозможува да се определи обемот на криминалитетот. Обемот на криминалитет за да се определи се зема вкупниот број на сторените дела на дадениот простор, периодот на сторување, секако се зема во предвид и бројот на сторителите на криминални дела, кои дела се позачестени и други податоци. Определувањето на обемот на криминалитетот е отежнато поради постоењето на темната бројка, односно постоењето на дела кои никогаш не се откриени.

Карактеристиките на вкупниот криминалитет и на одделни видови на криминални поведенија ја определуваат структурата на криминалитетот. Структурата на вкупниот криминалитет се определува според видот на кривичните дела (кривични дела против животот и телото, кривични дела против

имотот, кривични дела против угледот и честа, кривични дела против половата слобода и половиот морал, против здравјето на луѓето и други.)

Промените во обемот на криминалитетот во релација со одреден простор и време ја определуваат динамиката на криминалитетот. Динамимиката на криминалитетот може да се анализира и од аспект на поединечни криминални поведенија, на одреден простор, временски период, сторителите на таквите дела.

Анализирањето на криминалитетот со неговите аспекти: обем, структура и динамика ни овозможува да ги исперцепираме промените на криминалитетот во корелација со општествените услови во кои се јавуваат и на кој начин се адаптибираат на околностите при што секако овозможува да се добијат и поинакви форми на негово опстојување. Од особена важност во проучувањето на криминалитетот има во реализирањето на поуспешната општествена борба за негово сузбивање.

Еден од облиците на социјалното однесување е деликвентното кое се остварува преку кршење на одредена општествена норма, при што следува одредена оптствена санкција. Но исто како и за сторување на кривичните дела, самото појавување на деликвентното однесување е резултат на неповолните услови во средината во која егзистираат престапниците.

Интеракцијата помеѓу криминогените фактори на средината и личните фактори овозможува појава на едно однесување кое не е во согласност со важечките норми, кое е етикетирано, а со тоа и санкционирано од средината. Деликвентното однесување на поединците е условено од голем број на егзогени и ендогени фактори. (С.Алексоски. 2005:263)

Целокупното однесување на човекот е определено од голем број социјолошки и психолошки фактори, како резултат на постојаната интеракцијата на човекот со средината, затоа објаснувањето на девијантното однесување не е воопшто лесно.

## 2.2. Теории за криминалот

Од причина што криминалното однесување е детерминирано од многу фактори, постојат многу теории кои се обидуваат да го објаснат криминалот опфаќајки ги сите негови аспекти. Разбирливо е дека не е возможно да се опфатат сите теории кои го третираат прашањето за криминалитет, а имајќи во предвид дека некои се надминати, затоа во функција на еден систематичен теоретски пристап кон криминалитетот ќе биде направен преглед на доминантните теории кои можат да се вбројат во групата на биолошките, психолошките, социолошките или мешовитите концепции и оставиле трага во научната мисла.

### 2.2.1. Биолошки теории

Криминалитетот во рамките на **биолошките теории** се поврзува со влијанието на факторите на телесната конституција и генетскиот фактор. Органските, психолошки и психопатолошки состојби, на луѓето се причина за појавата на девијантното однесување.

Теоријата на Ломброзо се нарекува "еволуционен атавизам" или "грешка на еволуцијата". Атавизмот се исполнува преку одредени телесни и психички особини кои се својствени за злосторниците, во однос на другите луѓе. (Đ. Ignjatović, 2007:99)

Во Ломброзовата теорија доминира ставот дека особината која почесто се среќавала кај „криминалната група“ е атавистичка црта, а со тоа се надоврзува тврдењето луѓето што ја имаат таа црта, припаѓаат на атавистичкиот тип и се сметале како потенцијални криминалци.

Ломброзо е прв претставник на атавистичката школа, што покасно довело на неговото определување на криминалот да се надоврзат многу автори, кои развиваат свои теории. Исто така и според нив индивидуалните карактеристики доведуваат до појава на криминалиетот, а при тоа општествените и социјалните фактори се целосно занемарени. Неговото учење претрпело многу критики особено од францускатa школа кои го нагласувале влијанието на социјалната средина. Сепак Ломброзовата школа овозможила развојот на криминологијата, во насока на нејзино модернизирање, а со тоа и примена на научните методи како што се експериментот и набљудувањето.

Ломброзовите идеи покасно биле доработувани од други автори чии теориите спаѓаат исто така во биолошката концепција.

Телесниот изглед и взаемниот однос со психичките карактеристики е интерес и на други автори кои дале своја типологија на луѓето. Така Кречмер (Kretschmer), ги поделил луѓето на: астеничен, атлети, пикници и диспластичари. Според оваа теорија атлетите се оние кои се најмногу склони на криминално однесување. Според Кречмеровата теорија кога е сторено исто кривично дело од различни злосторници, имаат различни криминолошки каркатеристики во зависност од биолошките црти на злосторниците и темпераментот.

Антрополошката теорија на Ломброзо, особено тврдењето дека криминалитетот е поврзан со атавизмот е појдовна концепција на *Теоријата за наследување на девијантните диспозиции*. Според Гарофало (Raffaele Garofalo), ендогените фактори сами по себе не можат да предизвикаат кривично дело, затоа тој го истакнува постоењето на вродените диспозиции или „генотип", кој е наследен и „фенотипот", што е резултат на наследните услови и влијанието на средината и ја претставува личноста на сторителот на кривичното дело во моментот на неговото извршување. (З.Сулејманов, 2003:256)

Оттука произлегува дека криминалните црти се вродени или рано стекнати, па затоа Гарофало истакнува дека влијанието на семејството преку процесот на воспитување во превентивна смисла е возможна во раното детство.

Во корпусот на биолошките теории е и *ендокринолошката теорија.* Според ова теорија криминалитетот е резултат на нарушеното функционирање

на ендокриниот систем. Но критиките упатени на оваа теорија се во насока дека луѓето со нарушено функционирање на ендокрините жлезди не пројавуваат никакво девијантно однесување, а не сторување на кривично дело.

*Теоријата за ненормалноста на хромозомите* е во рамките на биолошките теории. Прекубројните Y хромозоми се причина за појава на криминогено однесување. Имајќи во предвид дека студиите чии предмет на изучување се нарушувањата на хромозомите се вршени на мал број примероци, а воедно непостоењето на контролната група, ги прави неуверливи и методолошки неиздржани, а тоа довело и да се оспорувани.

*Теоријата на расната припадност* исто е дел од корпусот на биолошки теории, својата најголема распростанетост ја има во САД. Ова теорија се обидува криминалитетот да го објасни со вродените склоности и наследни диспозиции кај припадниците на определени човекови раси. Тврдењата на оваа теорија се неодржливи, апсурдни и не даваат никаков допринос во објаснување на криминалното однесување.

Забелешките на биолошките теории се систематизирани во две групи: првата е од методолошка природа, особено што тврдењата се донесени врз примероци што е многу мал бројот (ова особено се однесува на рано ориентираните биолошки автори) и втората забелешка се однесува на едностраноста, односно истакнување на биолошките карактеристики како фактор за криминално однесување, без поврзаност со средината што го опкружува човекот.

### 2.2.2. Психолошки теории

Централно гледиште во корпусот на **психолошката концепција** во чии рамки се вклучени многу теории е што психолошките карактеристики на личноста претставуваат доминанти фактори во појавата на криминалното однесување на човекот. Психолошките теории кои го објаснуваат

криминалитетот својата експанзија ја доживуваат кон крајот на XIX и XX век. Во овој магистерски труд ќе се осврнеме на неколку теории кои имаат значано влијание во научната мисла.

Меѓу првите психолошки теории што го објаснува криминалитетот е *теоријата на интелигенцијата.* Оваа теорија укажува на влијанието на ниската интелигенција како фактор во појавувањето на деликвентното и криминалното однесување. Од направените бројни компаративни истражувања се довело до оформување на тезата дека криминалците се со подпросечна интелигенција, а тоа повлекува до неможноста тие да ги сфатат правилата на однесување кои се важечки во едно општество, не се во можност да сфатат што е дозволено однесување, а што не е, а со тоа и да ги согледат последиците од своето однесување. Ваквата теза е дискутабилна од гледиште на тоа колку примерокот што се истражувал бил репрезентативен во однос на целата популација деликвенти. Сепак поновите истражувања укажуваат дека коефициентот на интелигенцијата не е пресудна детерминанта во појавата на криминалитетот, а и треба да се стави во корелација со други социјални и психолошки фактори.

Психолошка теорија која криминалитетот го објаснува како неможност поединецот да се адаптибира на општествените услови е *теоријата на неприлагоденост.* Според ова теорија поединците не се прилагодуваат на општествените процеси, а со тоа и на системот на вредности кои егзистираат во одредено општество.

Според Милутиновиќ прилагодувањето или неприлагодувањето е процес кој е определен од психолошки елементи кои тие сами по себе се условени од објективните услови на живеење. (M. Milutinovic, 1979 :99)

*Психоаналитичката теорија* чиј творец е Зигмунд Фројд (Sigmund Freud) е највлијателна и темелна теорија чиј генерален став е дека влијанието на потсвесните сили и нагоните доведуваат до појава на криминално однесување. Исто така девијантното поведение е резултат на неконтролираните, несвесните психички сили. Фројд во својата теорија наведува дека поголем дел од психичкиот живот на човекот е во рамките на несвесното. Според него личноста е динамична организација сочинета од три дела и тоа: Ид (Јас, што го

претставува несвесното, нагонското, ирационалното, деструктивното), Его (Вистинското Јас, или свесниот дел од личноста) и Супер Его (совеста, чувството на вина). Ид кој ги претставува нагонските, себичните, деструктивни потреби преку Его се потиснува и се прилагодува во средината на живеење, а доколку дојде до одредени пропусти се појавува совеста и чувството на вина. Голема е заслугата на Фројд во дефинирање на одбранбените механизми: рационализација, репресија, компензација кои овозможуваат поединецот да ги оствари потребите кои се оневозможени од Супер егото на индиректен начин и со тоа се намалува ансиозноста и напнатоста. Меѓусебниот однос помеѓу трите значајни елементи на личноста се рефлектира во однесувањето на поединецот. Меѓутоа, доколку често се појавуваат конфликтите помеѓу компонентите на личноста и се со силен интензитет предизвикуваат појавување на одредени психолошки последици, а со тоа и до нарушено однесување на поединците. Ваквите состојби можат да доведат до неурози, психози, но истовремено и до криминално однесување како желба за казна. Од исклучителна важност е доприносот на Фројд во објаснување на потеклото на кривичното дело и нагласувањето на важноста на психичката стабилност на личноста. Но мора да нотираме дека определувањето на психичките состојби како единствен фактор во појавата на криминалитетот и употребата на методот на психоанализа за објаснување на криминалното однесување е недоволно и несеопфатно.

Фројд како основоположник на психоанализата има свои наследници кои дававаат свој допринос во научната мисла како што се: Карл Густав Јунг (Carl Gustav Jung), Алфред Адлер (Alfred Adler), Франц Александар (Franc Alexander), Ерих Фром (Erich Fromm) и други.

Според Кејт Фрилендер, криминалитетот е резултат на нарушеното функционирање на компонентите на личноста. Нарушувањата ги поделил во три групи: нарушувања што се резултат на влијанијата на средината; нарушувања од органска природа, кои се резултат на органски оштетувања, оштетувања на нервниот систем; психички нарушувања на *Его-то,* поради што поединецот не може да направи разлика помеѓу стварноста и фикцијата. (З. Сулејманов, Н. Стојановски, 2002)

Теорија која исто така по својата содржина е психоаналитичка е *теоријата на фрустрација.* Според ова теорија самото лишување од неопходните услови за живеење и развој на личноста е причина за појавувањето на криминалното однесување. Лишувањето од неопходните услови на живеење кај личноста, односно неможноста да се задоволат одредени потреби доведува да се појави состојбата на фрустрација. Таквата состојба е пропратена со појава на вознемиреност, напнатост, непријатност, чувство на инфериорност, несигурност, при што поединецот се штити од таквата состојба, па затоа и можноста за несоодветна реакција е неисклучена.

Појавувањето на состојбата на фрустрација според ова теорија е резултат на постоењето на физички пречки кои се објективни, пречки кои произлегуваат од социјалната средина како и пречки кои произлегуваат од карактеристиките или особеностите на самата индивидуа. Состојбата на фрустрација овозможува поединците да ја мобилизираат целокупната психичка сила што ја имаат за совладување на пречките, што доведуваат до состојба на фрустрација. Но доколку состојбата на фрустрација трае подолго време и поединецот не е во состојба да ги совлада пречките, а напнатоста се зголемува, во тој случај се нарушува неговата психичка рамнотежа со што се јавува можноста за нарушување на психичкиот живот на поединецот, а со тоа и нарушување на неговото однесување. Агресивноста претставува централен поим кога состојбата на фрустрација трае подолго време. Затоа можеме да кажеме дека агресивноста е форма на криминалното поведение кое се јавува како последица на состојбата на фрустација. Фром прави разлика помеѓу бенигна и деструктивна агресивност. Бенигната или како што уште ја нарекува дефанзивна агресија е насочена кон опстанокот на поединецот, а деструктивната се рефлектира во појавување на криминалното однесување.

Освен агресивноста која се јавува како реакција на фрустрација, постојат и други последици, како што се: зголемување на напорот за совладување на пречките во остварување на потребите, а најтешки последици се оформувањето на неурози, психози кои вклучуваат анксизни, фобични, компулзивни, конверзивни реакции.

Припадниците на оваа теорија сметаат дека одредени кривични дела се јавуваат како последица на фрустрациите, односно како последица на незадоволени потреби, желби, мотиви.

На крајот од елаборирањето на теоријата на фрустрации можеме да забележиме дека постојат одредени рационални елементи и психологијата може нив емпириски да ги провери.

Во рамките на психолошките теории е и *теоријата на условувањето односно бихевијористичка, асоцијална теорија.* Англискиот психолог Ханс Ајзенк (Hans J. Eysenck) ја поставил оваа теорија врз темелите на теоријата на учење. Ајзенк тргнува од ставот дека условувањето е биолошка особина, при што однесувањето на поединците се темели токму на условувањето од страна родителите, воспитувачите и при тоа го определуваат понатамошното нивно однесување.

Според Ајзенк, поединците кои имаат криминално однесување се емотивно нестабилни, неурамнотежени и екстравертни личности. Таквите личности имаат проблем во прифаќањето на нормите и однесувањето, од причина што условувањето не било успешно. Податокот заснован врз криминолошките истражувања кои што следеле покасно, дека екстравертните личности не учествувале повеќе од интровертните во вкупниот криминалитет е основен приговор на оваа теорија.

Заедничката карактеристика на сите психолошки теории е што го апсолутизираат влијанието на психолошките карактеристики на личноста во објаснувањето на криминалното однесување, а ги занемарувале социјалните фактори тоа ги ги прави нецелосни и неконсеквентни.

### 2.2.3. Психопатолошки теории

**Психопатолошките теории** се темелат на премисата дека сторителите на кривични дела имаат нарушена психа. Претставниците на овие теории

сметаат дека менталните растројства кај поединците се причина за појава на криминалното и антисоцијалното однесување. Ваквото сфаќање има долга историја и истото се негува во целиот дваесетти век. Денес во научните кругови помеѓу криминолозите постои согласување дека менталните растројства влијааат врз појавата на асоцијално однесување, но од друга страна ваквиот пристап не може да се земе, како доволен во објаснување на појавата на криминалното однесување.

### 2.2.4. Социолошки теории

Од дваесеттите години на XX век и тоа во американската криминолошка литература социолозите соочени со приликите на американското општество како што се: миграции, индустријализација, урбанизација, мешење на различни национални, етички, културни групи,рецесии, појава на групно дејствување во правење на криминални дела, појава на организиран криминал се развиваат социолошките теории кои го објаснуваат криминалитетот. Социолозите етиологијата на криминалитетот ја бараат во општеството, во чии рамки се оформува личноста на криминалецот. Фокусот на овие теории е насочен кон изучување на структурата на општествените групи и меѓусебните односи помеѓу групите. Општеството го дефинираат како збир на многу групи кои се поставени хоризонтално и вертикално, при тоа свесни дека секоја група има различни сфаќања, размислувања, вредности, норми и однесувања.

Во овој магистерски труд ќе разгледаме повеќе теории во рамките на социолошката концепција.

Американскиот професор Сатерленд (Edwin Sutherland) е автор на *теоријата на диференцијална асоцијација.* Според оваа теорија криминалното поднесување се учи во рамките на интегрирањето во помали групи на луѓе. Тој ја истражувал улогата на процесот на учење и интеракцијата со други членови од групата и комуникацијата во појавување и развој на криминално однесување.

Сатерленд ги отфрла биолошките, психолошките фактори во настанувањето на криминалитетот, дури ја отфрла општествена патологија како фактор за појавување на криминалитетот. Сатерленд го воведува терминот „диференцијална општествена организација" и укажува на врската помеѓу концептите општествена дезорганизација и концептот на културен конфликт.

Теоријата на диференцијална асоцијација на Сатерленд несомнено има важечки допринос во објаснувањето и сфаќањето на криминалитетот. Тој ја потенцира важноста на учењето и влијанието на потесната група во појавата на криминалното однесување, но сепак критичката мисла му дава забелешки дека не ги зема во предвид особините на личностите кои имаат криминално поведение, ниту ги опфаќа сите општествени влијанија кај лицата кои се впуштаат во вршење на криминал. Друга многу битна забелечка е што не постои можност теоријата да се провери.

Критиките кои биле упатени на оваа теорија, овозможиле да дојде до развој на една нејзина варијанта, односно да биде поставена *теоријата на диференцијална идентификација*.

Според оваа теорија криминалното однесување може да дојде како резултат на идентификација, односно престапникот се поврзуваат со конкретни личности, кои непосредно се во контакт или со ликови од филм, романи. Оваа теорија нагласува дека престапникот не се поврзува со апстрактни дефиниции. Во зависност од степенот на идентификација со тие ликови, поединецот ќе го моделира своето однесување.

*Теорија на културниот конфликт* тргнува од тезата дека секоја општествна група има свои вредности,кои се поинакви од другите групи, при што секоја група егзистира посебно во различни микрокултурни заедници. Различните вредности во групите доведуваат до настанување на конфликти помеѓу нив, што само по себе е основа за појавување на криминалитетот. Затоа оваа теорија криминалитетот го објаснува како плод на културните разлики што постојат помеѓу групите.

Исто така во секоја општествена група се создаваат,опстојуваат помали групи. Во рамките на помалите групи се појавуваат поинакви сфаќања за

општествените односи, вредности што доведува до настанување на иститот процес како помеѓу големите групи, односно настанување на судири кои водат кон појавување на криминалитетот.

*Теоријата на културниот расчекор* се јавува како варијанта на теоријата на културниот конфликт. И во оваа теорија криминалното поведение сепак е културниот конфликт, но не како резултат на неговото појавување помеѓу различни групи, туку настанувањето на криминалното поведение е заради брзите промени на општествените вредности. Одредени културни елементи во едно општество се развиваат со различна брзина во однос на другите културни елементи, што од своја страна доведува до појава на расчекор помеѓу двете култури кои создаваат конфликт помеѓу нив или помеѓу определени нивни делови.

Влијанието на просторот и положбата на луѓето во просторот, односно влијанието на социјалната структура на градот, е појдовен став во објаснувањето на однесувањето на луѓето, како и на криминалитетот кај *Еколошката теорија*.

Еколошката теорија се појавува во почетокот на дваесеттиот век во САД, иницирана од интензивниот пораст на градовите доселувањето на различни етнички групи кои носат различни, поинакви култури, што доведувеле до многу проблеми со прилагодувањето на населението во новата средина, а со тоа и до промена на еколошката структура и пораст на криминалот.

*Теоријата на општествена дезорганизација*

Во дезорганизирано општество кога статусите и улогите не се прецизно дефинирани, неисполнувањето на очекуваните резултати, поради кои поединците не можат да се прилагодат во ново настанатата состојба во општеството е многу очекувана и реална ситуација. Таквата ситуација изискува појава на други облици на прилагодување на поединците кои знаат да резултираат и со криминално однесување. Оттука појдовен став на ова теорија е дека причина за појава на криминалитетот во цивилизирано општесво е општествена дезорганизација.

Поимот општествена дезорганизација во американската литература подразбира нарушеност, судири или недостиг на согласност во општествената група, целосно нарушување на функционирање на групите. Во таква дезорганизирана состојба е оневозможена општествената контрола, неостварување на општествените корисни цели и без можност за поважни прилагодувања. Таквата состојба доведува до нефункционалност на групата, а со тоа и нејзина неефикасност.

*Теорија на аномија*

Авторот на теоријата на аномија Емил Диркем (Emile Durkheim) поаѓа од ставот дека состојба на аномија е причина за појава на криминални поведенија.

Тој аномијата ја дефинира како состојба на дерегулација, беззаконие во некоја социјална група, кога општеството не може да го насочува поединецот и врз него да врши контрола. Аномијата се јавува кога постојат нагли промени во општеството, многу противречности, тогаш поединците се помалку дисциплинирани, општествените норми не функционираат, а тоа доведува до слабеење на општествената контрола. Диркем, криминалитетот на индивидуално ниво го поврзува со алчноста на поединците која во состојби на аномија кулминира и ги води кон девијантно поведение. Теоријата на аномија наидува на впечатлив прием во научните кругови.

Општествените факти се основен предмет на проучувањата, кои имаат свои посебни обележја. Општествените факти се состојат од начини на дејствување, мислење, чувствување кои на поединецот му се надворешни и кои имаат моќ на принуда преку која се наметнуваат. Општествените факти ги претставуваат колективните претстави, идеите и моралните норми кои преку процесот на социјализација и воспитување поединците ги присвојуваат, а со тоа стануваат дел од нивната природа и го определуваат нивното однесување.

Диркем, општествените факти ги класифицира како нормални и патолошки, но класификацијата е возможна само во контекст на одредено општество. Општествените факти се менуваат, следствено на тоа и општеството.

Криминалитетот го определува како општествен факт кој е присутен во сите општества, нагласувајќи дека не постои општество без криминалитет, односно е негов составен дел. Самото извшување на криминал е повредување на колективните чувства, кои сами по себе имаат сила. Преку колективните чувства се определуваат вредностите, кои во одреден историски период продреле во свеста на поединците, при тоа овозможиле дефинирање на моралниот поредок општеството. Овие вредности се од големо значење за опстанок на општеството. Моралната свест на општеството има сила да спречи било каква постапка со која таа би ги навредила колективните чувства. Ова исто се однесува и за моралните грешки и за кривичните дела.

Криминалот според Диркем е нужен и корисен за активирањето на чувствата на осуда кај другите членови на групата, а со самото тоа се овозможува одржување на свеста за моралниот поредок на општеството. Криминалот и го менува општеството. За да дојде до менување на општеството потребно е ослабување на колективните чувства.

Диркемовата теорија на аномија имала големо влијание врз сфаќањата на подоцнежните социолози и криминолози. Еден од нив е Роберт Мертон (Robert Merton). Мертон смета дека за одредување на криминалитетот битен е односот помеѓу општествените цели и можностите на реализирање на тие цели. Криминалитетот е симптом на дисоцијацијата помеѓу културно пропишаните аспирации и структуралните излези за остварување на овие аспирации. (З.Сулејманов. 2003:323)

Според Мертон, аномијата е расчекор помеѓу прокламираните вредности и реалните можности да истите да се остварат на легитимен начин.

Ваквото дефинирање на криминалитетот и состјбата на аномија нуди можност да се објасни имотниот криминалитет, но секако не може да ги опфати сите облици на криминално поведение..

*Теорија на подкултура и контракултура*

Теоријата на подкултура и контракултура е варијанта која произлегува од теоријата на аномија и теоријата на културниот конфликт. Според оваа теорија

постоењето на конфликтни односи меѓу одделните култури е причина за појава на криминалните однесувања. Конфликтот се јавува помеѓу културата на поголемата група и културата на помалата група. Помалите општествени групи имаат посебен вредносен систем, посебни вредности, норми, начини на однесување кои се разликуваат од вредносниот систем на матичната култура. Во ваквиот случај судирот настанува кога поголемата група, вредносниот систем на помалата општествена група го смета за негативен и неприфатлив.

Според претставниците на ова теорија субкултурата е отстапување од доминантната и се определува со посебни норми, вредности и начини на однесување, кои се спротивставени со матичната култура,а со тоа значајно се отежува интегрирањето.

Подкултурата има тенденција кон криминално поведение, со што се зголемувааат противречностите помеѓу двата системи.

За акцентирање на противречностите и конфликтите помеѓу системите на доминантната култура и подкултура во *Теоријата на контракултура* се користи поимот – *противкултура.* Поимот контракултура го воведува Милтон Јингер (Milton Yinger), сметајќи дека одредени девијантни однесувања не можат да се определат како дел од културата давајќи примери како што се: убиство, проституција, садизам и други.

Покрај големиот допринос на овој пристап во можноста што ја дава за разбирање на конфликтите кои постојат помеѓу различни групи, сепак можеме да потенцираме дека е нецелосен во објаснувањето на криминалното однесување, а воедно е присутна неспремноста на претставниците на овој пристап за согледување на подлабките противречности кои постојат во општеството.

*Теорија на етикетирање (labelling theory), односно теоријата на социјалниот интеракционизам*

Претставници на теоријата на етикетирање од западната социолошка мисла и криминологија се: Џорџ Мид (George Herbert Mead), како и неговиот следбеник Херберт Блумер (Herbert Blumer), Ирвин Гофман (Erving Goffman),

Хауард Бекер (Howard Backer). Значаен е придонесот на сите нив во развојот на социјалниот интеракционизам.

Интеракционизмот се развива во две насоки: *социјалнопсихолошката*, која го истакнува влијанието на општествената средина во појавување на криминалното однесување на поединците и при тоа се потенцира психичка реакција на поединците на условите во кои живеат; *социолошка насока* која интересот е насочен кон општествените органи, организации, установи и процеси, како основни елементи на општествениот систем кои го определуваат криминалното однесување на поединците.

Интеракционистите сметаат дека самиот процес на интеракција помеѓу оние што оценуваат и оние кои се ставени во ситуација да бидат оценувани доведува да се случи "етикетирање" на вторите. Поединците кои се етикетирани се повеќе се оддалечуваат од општествените норми, на тој начин етикетирањето како стереотипи го предизвикуваат криминалното однесување. Општеството со етикетирањето придонесува поединците кои се одбележани да не можат да ја вратат својата позиицијa и улога што ја имале во општеството, што од друга страна придонесува за сторување на други криминални дејствија како средство на адаптибирање.

Интеракционизмот укажува дека доминантните групи се позаштитени во општеството, зошто тие се во можност да етикетираат, воедно овој пристап придонесува во остварување на поквалитетна општествена реакција против сторителите на криминалитет, а нивниот допринос е и во тоа што ја нотираат и темната бројка на криминалитетот.

### 2.2.5. Радикална криминологија

Овие теории се појавуваат во почетокот на седумдесетите години на дваесеттиот век како резултат на незадоволството од криминологијата, а под влијание на авторите од Франкфуртската критичка школа се издвојуваат како:

*„радикална криминологија", „нова криминологија"* или *„критичка криминологија"* и тоа на просторот на Англија, САД и Канада.

Претставниците на радикалната теорија поаѓаат од критиката која ја упатуваат кон функционалистичкото сфаќање на криминалитетот,а истовремено во своите истражувања како теоретска рамка ја прифаќаат конфликтната теорија. Радикалните криминолози одбиваат да имаат индивидуалистичка ориентација, истовремено го одбиваат патолошкиот карактер на криминалитетот. Претставниците на оваа теорија ги отфрлаат традиционалните дефиниции според кои криминалот претставува опасност за одреден поредок, тие преферираат на ново дефинирање на криминалитетот, во кое ќе биде втемелена силата и привелигиите на групата што е на власт и се во позиција да ја моделираат стварноста. Тие криминалитетот го набљудуваат само во рамките на класната борба, при тоа нагласувајќи ја доминацијата на владеачката класа, а останатите треба да се прилагодуват на тој систем. Криминалот го сметаат како кршење на дефинираните права, при што правото и државата се средства за заштита на интересите на онаа група што е на власт. Кривичните закони според нив во никој случај не ги штитат интересите на потчинатите кои се мнозинство, туку исклучиво се во функција на интересите на владеачката класа.

Криминалитетот го делат во две групи и тоа: конвенционален и неконвенционален. Во првата група се вклучени оние кривични дела кои се пропишани во кривичниот закон. Неконвенционални дела се: дела против меѓународното право, тероризам, трговија со луѓе и други.

Претставниците на радикалната криминологија беа соочени со критики дека: „нивниот пристап во објаснувањето на криминалитетот е недоволно емпириски заснован и премногу едностран, зошто само со економските и политичките фактори не може да се даде негово валидно објаснување". (З. Сулејманов. 2003:379)

Исто така, критиката се однесува и на непостоење на етиолошки објаснувања, нивниот интерес е насочен единствено кон начинот на реагирањето кон криминалното однесување и примената на кривичното право.

Односот помеѓу криминалот и религиозноста е општествен феномен кој воопшто не е запоставен, иако за овие два феномена многу малку се вршени емпириски истражувања во светски рамки. Емпириско истражување за односот помеѓу религиозноста и криминалните дела добива поголемо значење со спроведеното истражување на двата автори T. Hirschi и R. Stark (Hirschi, Stark 1969). Врз основа на нивното истражување кое било спроведено во Калифорнија, САД, во самото истражување тие не наоѓаат поврзаност помеѓу религиозноста кај испитаниците и сторените криминални дела. Тие сметале дека верските обреди и верата немаат никакво влијание на криминалност, односно криминални дејства. (Hirschi, Stark 1969, 211-12)

Правено е истражување на 1200 студенти од Мариборски Универзитет во 2003 година за поврзаноста на нивната религиозност и сторени кривични дела. Од ова истражување има јасна слика дека помеѓу студентите има влијание религиозноста. Меѓутоа религијата и нејзината определеност не е најзачаен предуслов за сторени кривични дела кај студентите. Но се утврдило дека религиското делување доведува до голема разлика во веројатноста дека религиозна или нерелигиозна личност да стори кривични дела. Религиозноста инхибира на криминално однесување кај оние кои живеат надвор од голем град, во мали и рурални места, каде религиозноста има големо влијание. Многу помалку религиозни се студентите кои живеат во голем град за разлика од студенти кои живеат во мали рурални средини.

Односот на религијата и криминалот е значаен во сферата на издржување на казна (ресоцијализација, промена на ставовите, прифаќање на кривица). Религијата е личен однос со Бог, моралната и социјалната функција се како една целина. Религиозноста и криминалот се најчесто продукти на социјалноста. Иако луѓето се во суштина религиозни, можеме да кажеме дека елементите на религиозноста се обликуваа во социолошки фактори особено во периодот на детството. Мораме да констатираме дека криминалот и криминалните дејства се стекнуваат како последица на ниска врска со социјализацијата. Корелацијата и односот помеѓу религиозноста и криминалот многу не се истражувани феномени, но помеѓу нив постои многу висока негативна корелација и превртена

пропорционалност. Но треба да напоменеме дека надворешното неманифестирање на религиозноста не мора да значи дека внатрешниот став за религиозноста кај лицето со криминално дејствие е токму такво. Можеме да заклучиме дека овие два големи феномена криминал и религиозност се преплетуваат меѓусебно, како и се поврзани со психолошки чувства. Во светски рамки во некои Американски протестански заедници се смета дека ако повеќе е религиозна личноста таа личност има веројатност помалку да извршува криминални дела. Исто така важи и ставот дека личности кои се високо религиозни со повисок степен на религиозност тие личности се високо мотивирани и хумани во својата работа која ја обавуваат.

Во вториот дел од овој труд се анализира истражувањето кое е спроведено кај затворениците кои се на издржување на казна затвор во КПД-Идризово во Скопје. Интересот на ова истражување е да се види поврзаноста помеѓу степенот на религиозноста (низок, среден, висок) кај анкетираните лица од двете религиозности и сторените кривични дела.

Испитаниците се со различна вероисповед односно православни и муслимани и со утврдени степени на религиозност (ниска, средна и висока).

# II ЕМПИРИСКИ ПРИСТАП

# 3. МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 3.1. Проблем и предмет на истражувањето

Религијата иако настанала како ирационален производ, како емоционална реакција на непознатото, несомнено ја опредеуваме како еден од првобитните регулатори на целокупниот општествен живот. Тоа произлегува оттаму што речиси секоја религија ги опфаќа моралните принципи и принципите на општественото уредување. Имено, во секоја религија постојат дефинирани морални норми кои своите припадници ги упатуваат да ги почитуваат определени вредности.

Општествената контрола, односно општествената дезорганизација во секое општество влијае на појавата на криминалитетот и девијациите пошироко. Во случаите кога општествената контрола, која се остварува преку религијата, обичаите, моралот, јавното мислење, формалната реакција на официјалните општествените институции ослабнува, неминовно доаѓа до нарушување на претходно воспоставената општествена рамнотежа. Дезорганизацијата подразбира слабеење на воспоставените општествени правила врз однесувањето на припадниците на тоа општество. Ваквата состојба настанува кога индивидуалните ставови на поединците се менуваат до степен што доаѓаат во судир со општествените вредности. Поединците живеат во сложени општествени, политички, економски, етнички и конфесионални средини, каде што има бројни интеракциски односи, испреплетени со многу индивидуални и колективни ставови, потреби и предрасуди, кои доведуваат до појава на незадоволства, судири, асоцијално однесување, други незаконити поведенија и однесувања.

Имајќи ги во предвид функциите на религијата, која му дава поддршка на човекот во соочување и надминување на стравот од непознатото, стравот од смртта, стравот од судниот ден, воедно која му помага да се интегрира во заедницата, претпоставуваме дека религијата влијае на поведението на поединците, а тоа повлекува и избегнување или намалување на неговите незаконски поведенија и однесувања. Имено религијата ја определуваме како регулатор на општествениот живот, а криминалните дела се поврзуваат со непочитување на општествените вредности и норми.

Проблемот кој ќе се разгледува во овој труд е се утврди дали *степенот на религиозноста* и *видот на религијата* влијаат врз видот на кривичните дела и бројот на криминалното однесување. Поконкретно, да се утврди дали степенот на религиозноста и видот на религијата кај затворениците во КПД – Идризово во Скопје, влијаат на видовите на извршените кривични дела. Воедно ова истражување ќе испита дали степенот на религиозноста и видот на религијата на затворениците од двете вероисповести влијаат на зачестеноста на извршувањето на кривичните дела.

Варијаблите на ова истражување се видот на конфесијата, степенот на религиозноста како и видот на кривичните дела и бројот на сторените кривичните дела.

Од овде произлегуваат и следните индикатори: степенот на религиозноста која се утврдува во три категории: низок степен, среден степен и висок степен, и вид на религија (православни, муслимани).

### 3.2. Цели на истражувањето

Истражувањето има за цел да утврди дали постои причинско-последична поврзаност помеѓу степенот на религиозноста и видот на религијата со видот на кривичните дела и бројот на извршените кривичните дела.

Истражувањето е насочено кон лицата кои во текот на истражувањето се на издржување на казна-затвор во Казнено поправниот дом – Идризово во Скопје.

Од тука произлегува методолошката цел која укажува на адаптирање на постоечките инструменти за определување на степенот на религиозноста. Од горе прикажаното и актуелните случувања во смисла на големиот број на сторени кривични дела, ја наметнуваат оправданоста и практичната цел на истражувањето која е да ги прикаже сознанијата кои треба да бидат во функција на намалување на кривичните дела, а со тоа ќе бидат од корист на институциите кои се бават со оваа проблематика, односно со намалување на криминалот. Исто така добиените резултати ќе овозможат откривање на нови проблеми, содржини значајни за ова тема, со што ова би било поттик за нови истражувања од областа на Социологија на религијата и Социологија на девијантното однесување.

Научната и општествената оправданост на ова истражување, чиј предмет е да се определи дали степенот на религиозноста и видот на религијата влијаат врз видот на кривичните дела и бројот на извршените кривични дела, е во тоа што ова истражување е меѓу ретките научни трудови од оваа област во Република Македонија.

Ова истражување ќе понуди нови аспекти во превенцијата на криминалните однесувања. Имено врската помеѓу сторителите на кривичните дела и нивната религиозност е круцијален фактор за ресоцијализацијата на таквите лица, за полесна интеграција во општествениот систем и намалувањето на бројот на рецидивистите.

Истражувањето ќе придонесе во унапредувањето на превентивната активност на македонското општество во намалувањето на криминалот, развивање на модели за ресоцијализација на лицата кои се на издржување на казна-затвор, но ќе даде своевиден придонес и во дебатата за влијанието на религиското образование во јакнењето на моралните, позитивните вредности во општеството.

Од истражувањето произлегуваат очекувани задачи:

- Да се утврди дали степенот на религиозност е помал кај затворениците кои извршиле потешки кривични дела.
- Да се испита дали степенот на религиозност на затворениците влијае на бројот на извршени кривични дела.
- Да се испита дали затворениците со повисок степен на религиозност прават помалку кривични дела против телото и животот.
- Да се испита дали затворениците со повисок степен на религиозност, прават полесни кривични дела.
- Да се испита дали верниците од различни конфесии, а со ист степен на религиозност се разликуваат во однос на видот на кривичните дела и зачестеноста на извршување на кривично дело.
- Да се испита дали степенот на религиозност кај затворениците влијае врз процесот на ресоцијализација.
- Да се испита дали видот на конфесија на која припаѓат затворениците влијае врз процесот на ресоцијализација.
- Да се испита дали постои поврзаност помеѓу националноста кај испитаниците и нивните кривични дела.
- Да се испита дали постои поврзаност на степенот на религиозноста и верската определба кај испитаниците

# 4. ХИПОТЕТСКА РАМКА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 4.1. Хипотези

Врз основа на проблемот на истражувањето и поставените задачи ја формулиравме главната хипотеза на истражувањето.

*Главна хипотеза:*

***Степенот на религиозноста и видот на религијата кај затворениците влијаат врз видот на кривичните дела како и врз зачестеноста на извршените кривични дела***

*Посебна хипотеза 1:*

Степенот на религиозноста кај затворениците влијае врз видот на сторените кривични дела.

*Посебна хипотеза 2:*

Степенот на религиозноста кај затворениците влијае врз зачестеноста на извршените кривични дела.

*Посебна хипотеза 3:*

Видот на религијата кај затворениците влијае врз видот на кривичните дела

*Посебна хипотеза 4:*

Видот на религијата кај затворениците влијаат врз зачестеноста на извршените кривични дела.

Поединечни хипотези:

-Степенот на религиозноста кај затворениците (православни и муслимани) влијае врз видот на сторените кривични дела.

Степенот на религиозноста кај затворениците (православни и муслимани) влијае врз бројот на сторените кривични дела.

-Видот на религиозноста кај затворениците влијае врз бројот на сторените кривични дела.

-Видот на религиозноста кај затворениците влијае врз видот на сторените кривични дела.

-Степенот на религиозноста кај затворениците влијае врз сторувањето кривично дело убиство.

Степенот на религиозноста кај затворениците влијае врз сторувањето кривично дело против полова слобода и морал.

-Степенот на религиозноста кај затворениците влијае врз сторувањето кривично дело против здравјето на луѓето.

-Степенот на религиозноста кај затворениците влијае врз сторувањето кривично дело против имот.

-Степенот на религиозноста кај затворениците влијае врз сторувањето кривично дело против човечност и меѓународно право.

## 4.2. Инструменти на истражувањето

Истражувањето има комбинирана истражувачка стратегија т.е. дедуктивна - индуктивна стратегија. Истражувањето ќе се состои од квантитативен метод.

Од квантитативните методски постапки ќе се спроведе анкетен прашалник. Тврдењата што се содржани во анкетниот прашалник се земени од анкетниот прашалникот на авторите Милош Бесиќ, и Борислав Џукановиќ проследен од истражување правено за населението од Црна Гора. Истражувањето се однесува за определување на степенот на религиозноста кај населението во Црна Гора. Прашалникот содржи три групи на прашања: прашања од општ карактер, поврзани со социо-демографските карактеристики на затворениците; втората група на прашања се однесуват на видот на кривичните дела и бројот на извршените кривични дела; третата група на прашања се однесуваат на нивните ставови за религијата. Третата група на прашања ќе бидат различни, односно во зависност на која конфесија припаѓаат испитаниците. Во третата група на прашања ќе бидат опфатени четири аспекти на религиозноста: верување во свето, практикување, бихевиористички обрасци и теолошко знаење. Овие аспекти ќе бидат преточени во тврдења што ќе ги сочинуват соодветните скали. Од добиените податоци на сите четири скали ќе се добие степенот на религиозност на испитаниците, (степенот ќе биде изразен на ординална скала: низок, среден, висок. За првите две групи на тврдења, кои се однесуваат на религиското верување и однесувања понудени се три одговори: не се согласувам, неодредено и се согласувам. За тврдењата што се однесуват на скалата на религиското практикување понудени се следните ајтеми: никогаш, повремено, редовно. За четвртата скала што се однесува на знаењето на теолошката доктрина понудени се три одговори од кој само еден е точен. Одговорот што анкетираното лице го смета за најсоодветен за него го заокружува. Степенот на религиозноста (низок, среден, висок), е добиен од

вкупниот збир на скорови кои се добиени од 24 тврдења. Според теоретската скала скоровите се движат од 0 до 48. Врз основа на 191 испитаник во истражувањето е определен степенот на религиозноста. Тврдењата што ги отсликуваат религиските практики и религиското знаење се различни за православните и муслиманските испитаници. Истражувањето е спроведено на 191 анкетирано лице од КПД – Идризово. Во категоријата на низок степен на религиозност припаѓаат оние испитаници кои на поставените тврдења најчесто одговарале со "не се согласувам", "никогаш" и давале неточен одговор. Во втората категорија односно среден стрепен на религиозност спаѓаат оние испитаници кои на поставените прашања најчесто одговарале "неодредено", "повремено". Во третата категорија односно во категорија висок степен на религиозност спаѓаат испитаниците кои најчесто на прашањата одговарале "се согласувам", "редовно" и давале точен одговор.

Во ова истражување е користена статистичката обработка со примена на SPSS (Statistical Package for Social Sciences).

Добиените податоци од ова истражување се обработени со дескриптивна статистика. Користена е статистичката постапка x2 тест. Овој тест покажува дали постои разлика помеѓу степенот на религиозноста кај православните и муслиманите и бројот на кривичните дела кај анкетираните лица во КПД-Идризово.

# 5. РЕЗУЛТАТИ ОД ЕМПИРИСКОТО ИСТРАЖУВАЊЕ

## 5.1. ДЕМОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ НА ПРИМЕРОКОТ

Во овој дел од истражувањето се претставени демографските податоци за примерокот од 191 анкетирано лице од КПД – Идризово во Скопје.

Во табела бр. 1 се претставени демографските карактеристики на мажи и жени според нивна старосна структура, образовна структура, занимање, национална структура од вкупно 191 анкетирано лице. Податоците од табелата се интерпретирани под табелата бр 1.

**Табела бр.1: Распределба на испитаниците според демографските карактеристики**

| **Демографски карактеристики** | | **мажи** | **Жени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| **Старосна структура** | 21-30 години | 26,7 (51) | 1,0 (2) | 27,7 (53) |
| | 31-40 години | 39,3 (75) | 2,1 (4) | 41,4 (79) |
| | 41-50 години | 24,6 (47) | 0,5 (1) | 25,1 (48) |
| | 51-60 години | 4,2 (8) | 0,5 (1) | 4,7 (9) |
| | 61 и повеќе години | 1,0 (2) | / | 1,0 (2) |
| **Образовна структура** | Без образование | 18,3 (35) | 1,0 (2) | 19,3 (37) |
| | Основно | 39,3 (75) | 1,6 (3) | 40,9 (78) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | КВ или ВКВ | 15,2 (29) | / | 15,2 (29) |
| | Средно | 22,0 (42) | 1,0 (2) | 23,0 (44) |
| | Вишо/високо | 1,1 (2) | 0,5 (1) | 1,6 (3) |
| **Структура според занимање** | Земјоделец | 15,2 (29) | / | 15,2 (29) |
| | НКВ или ВКВ | 19,9 (38) | 0,5 (1) | 20,4 (39) |
| | Занаетчија/трговец | 18,3 (35) | / | 18,3 (35) |
| | Службеник со ССС | 5,2 (10) | 1,0 (2) | 6,2 (12) |
| | Службеник со виша или ВСС | 0,5 (1) | 0,5 (1) | 1,0 (2) |
| | Пензионер | 0,5 (1) | / | 0,5 (1) |
| | Невработен | 35,6 (68) | 1,6 (3) | 37,2 (71) |
| | Друго | 1,0 (2) | / | 1,0 (2) |
| **Национална структура** | Македонци | 32,5 (62) | 1,0 (2) | 33,5 (64) |
| | Албанци | 40,8 (78) | 1,6 (3) | 42,4 (81) |
| | Турци | 3,7 (7) | / | 3,7 (7) |
| | Роми | 13,1 (25) | 1,0 (2) | 14,1 (27) |
| | Срби | 2,1 (4) | / | 2,1 (4) |
| | Друго | 3,7 (7) | 0,5 (1) | 4,2 (8) |

Во примерокот, од вкупно 191 анкетирани лица, мажи се 183 или 95,79%, а жени се 8 или 4,21%.

Во однос на старосната структура, возраста на испитаниците се движи од 21 до 61 година, а истите беа поделени во 5 возрасни групи, распределени на следниов начин:

Во старосната граница од 21 до 30 година има 27,7% од кои 26,1% се мажи и 1% жени од вкупниот број на испитаници, во границата од 31 до 40 години - 41,4% од кои 39,3% се мажи и 2,1% жени од вкупниот број испитаници, во границата од 41 до 50 години – 25,1% од кои 24,6% се мажи и 0,5% жени од вкупниот број испитаници, 51 до 60 години - 4,7% од кои 4,2% се мажи и 0,5% жени од вкупниот број испитаници и над 60 години – 1% и сите се мажи.

Испитаниците што се опфатени со истражувањето се со различно образование: без образование, основно, КВ или ВКВ работник, средно, вишо/високо, друго распределени на следниов начин.

Според степенот на образование испитаниците без образование се застапени со 19,3%, од кои 18,3% се мажи и 1% се жени од вкупниот број испитаници, со завршено основно образование се 40,9% од кои 39,3% се мажи и 1,6% се жени, со КВ или ВКВ степен – 15,2% и сите се мажи, со завршено средно образование – 23% од кои 22% се мажи и 1% жени од вкупниот број испитаници, и со вишо или високо образование – 1,6% од кои 1,1% се мажи и 0,5% жени од вкупниот број испитаници.

Според занимањето кое го имаат испитаниците се поделени во следниве групи:

Според занимањето, испитаниците се поделени на земјоделци – 15,2% и сите се мажи, НКВ или ПКВ работник – 20,4% од кои 19,9% се мажи и 0,5% жени од вкупниот број испитаници, занаетчија/трговец – 18,3%, сите се мажи, службеник со ССС – 6,2% од кои 5,2% се мажи и 1% жени од вкупниот број испитаници, службеник со виша или ВСС – 1% со иста застапеност на мажите и жените, пензионер – 0,5% и сите се мажи, невработен – 37,2% од кои 35,6%се мажи и 1,6% се жени и други занимања – 1% од кои сите се мажи.

Според националноста, испитаниците се изјасниле како Македонци – 33,5% од кои 32,5% се мажи и 1% жени од вкупниот број испитаници, Албанци – 42,4% од кои 40,8% се мажи и 1,6% жени, Турци – 3,7% и сите се мажи, Роми – 14,1% од кои 13,1% мажи и 1% жени, Срби – 2,1% сите се мажи и други – 4,2% од кои 3,7% се мажи и 0,5% жени од вкупниот број испитаници

Од изнесените поддатоци се забележува дека според пол мажите се повеќе застапени и од двете религиозни групи за разлика од жените кои се со помал процент на застапеност. Според образовната структура најмногу од анкетираните лица се со основно образование и од двете групи на религиозност кај двата пола на лица. Според занимање најмногу се застапени невработенитре лица и кај двете групи на религиозност кај анкетираните лица. Додека според националната структура најмногу се застапени Албанците од анкетираните лица во КПД-Идризово.

Во спроведеното истражување примерокот е хетероген, зошто опфаќа испитаници со ралични демографски карактеристики.

На следната табела се претставени распределбата на анкетираните лица кои се во КПД-Идризово според нивната верска припадност на православни и муслимани од вкупно 191 лице.

**Табела бр. 2:** Распределба на испитаниците според верската припадност

| Православни | Муслимани | Вкупно |
|---|---|---|
| 45<br>(86) | 55<br>(105) | 100<br>(191) |

Според верската припадност, 45% од испитаниците се изјасниле како православни христијани, а 55% како муслимани.Ова укажува дека повеќе од испитаниците кои се на издржување казна-затвор во Казнено поправниот дом-Идризово од анкетирани 191 лице се со муслиманска вероисповед.

## Графички приказ според верската припадност




Направена е дополнителна анализа која покажува на кој начин се распределени испитаниците во однос на нивниот пол и честотата на издржување на казната-затвор (првпат, втор и повеќе пати).во КПД-Идризово во Скопје. Во табелата се прикажани податоците за зачестеност на издржување казна-затвор кај испитаниците според пол-(мажи и жени)

**Табела бр. 3: Распределба на испитаниците според пол и број на пати на издржување казна-затвор**

| Број / Пол | Првпат | Втор и повеќе пати | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Мажи | 34,6 (66) | 61,3 (117) | 95,9 (183) |
| Жени | 3,1 (6) | 1,0 (2) | 4,1 (8) |
| Вкупно | 37,7 (72) | 62,3 (119) | 100,0 (191) |

Мажи кои прв пат издржувале казна затвор биле 66, додека втор и повеќе пати биле 117, жените прв пат издржувале казна затвор 6 а додека втор и повеќе 2. Од тука истражувањето покажува дека мажите повеќе издржувале казна затвор со сторено две и повеќе кривични дела за разлика од жените кои повеќе издржувале казна затвор прв пат. Сепак ваквиот заклучок е донесен на мал број на жени кои се опфатени во ова истражување, затоа не може да се смета за генерален.

На следната слика е прикажан графичкиот приказ со хистограм на испитаниците кои биле во КПД-Идризово, за мажи и жени и издржување на казна затвор првпат и повеќе.

**Графички приказ на сторени кривични дела по пол и број**




Во интерес на нашето истражување табеларно се поставени и видовите на кривичните дела сторени од испитаниците кои се во КПД-Идризово во Скопје.

**Табела бр. 4: Распределба на затворениците според кривичното дело за кое се осудени**

| Осуден за кривично дело | Број на затвореници | % |
|---|---|---|
| 1.Против животот и телото | 29 | 14,0 |
| 2.Против слободите и правата на човекот и граѓанинот | 3 | 1,4 |
| 3.Против изборите и гласањето | - | - |
| 4.Против работните односи | - | - |
| 5.Против честа и угледот | - | - |
| 6.Против половата слобода и половиот морал | 11 | 5,3 |
| 7.Против бракот, семејството и младината | - | - |
| 8.Против здавјето на луѓето | 39 | 20,4 |
| 9.Против имотот | 76 | 39,6 |
| 10.Против јавните финансии, платниот промет и стопанството | 3 | 1,4 |
| 11.Против општата сигурност на луѓето и имотот | 2 | 1,0 |
| 12.Против безбедноста на јавниот сообраќај | 5 | 2,9 |
| 13.Против државата | 1 | 0,5 |
| 14.Против човечноста и меѓународното право | 12 | 5,8 |
| 15.Против службената должност | 2 | 1,0 |
| 16.Против јавниот ред | 8 | 4,3 |
| 17.Против правниот сообраќај | - | - |
| Вкупно | 191 | 100 |

Во табелата се прикажани вкупно 17 сторени кривични дела. Во истражувањето земавме пет кривични дела, додека останатите кривични дела не се земени во обработка поради нивниот мал процент на извршување на делото од страна на затворениците во КПД-Идризово, кои се вклучени во примерокот. Интерпретацијата за петте сторени кривични дела се обработени и прикажани подоле во текстот кој следи. Од табелата бр 4 се гледа дека најмногу од анкетираните лица се осудувани за кривично дело сторено против имот - 39,6%, па против здравјето на луѓето – 18,8%, против животот и телото – 14%, против човечноста и меѓународното право – 5,8%, против половата слобода и половиот морал – 5,3%, против јавниот ред – 4,3%, против безбедноста на јавниот сообраќај – 2,9%, а останатите се под 2%. Најголем процент на кривични дела има за кривичното дело против имот со 39,6%.

Во истражување се претставени пет кривични дела и тоа (против имот, здравје на луѓето, живот и тело, човечност, полова слобода). На следниот графикон се прикажани графички показатели на кривичните дела со анкетираните 191 лице во КПД-Идризово.

**Графички приказ на сторени кривични дела**



## 5.2. Анализа на добиените резултати од анкетниот прашалник

Во интерес на истражувањето се интерпретирани одговорите на тврдењата од анкетниот прашалник. Анкетниот прашалник е составен од 24 тврдења поделени во четири групи. Во третата група на прашања се опфатени четири аспекти на религиозноста: *верување во свето, практикување, бихевиористички обрасци и теолошко знаење.*

Според одговорите од анкетниот прашалник на анкетираните лица кои се во КПД-Идризово се забележува следното:

Од првата група на прашања кои се однесуваат на тврдења за *религиското верување* се интерпретирани следните одговори:

***Во Бога треба да се верува***? Од испитаниците 92,1% одговориле дека се согласуваат за ова тврдење. Просечната вредност добиена на ова тврдење е 1,91 а отстапувањето е б (0,29). Од тука може да забележиме дека најголем број на испитаници се согласуваат дека треба да се верува во Бог. Според ова прашање и кај двете групи на религиозност потврдно одговориле дека треба да се верува во Бог.

***Бог е творец на се што постои***. На ова тврдење испитаниците 88,5% одговориле дека се согласуваат, односно аритметичката средина е 1,87,а отстапувањето е б(0,36).

***Бог го создал човекот.*** На ова тврдење испитаниците одговориле дека се согласуват 89%, просечна вредност е 1,86,отстапувањето б(0,4100).

78,5% Се согласни дека ***Бог се гледа и се знае***, 17,3 % немаат одреден став спрема истото тврдење. На ова тврдење, има 4,2% испитаници кои не се согласуваат дека Бог се гледа и се знае. Просечната вредност е 1,73, отстапувањето е б (0,5253).

***Верувањето во Бога му помага на човекот да го осмисли земскиот живот и да обезбеди вечен живот и мир?*** Добиените резултати од ова прашање покажуваат дека 143 (74,9%) испитаници имаат позитивен

став спрема ова тврдење и се согласуваат дека верувањето во Бога му помага на човекот да го осмисли овоземскиот живот и да обезбеди вечен живот и мир. И кај ова тврдење постојат 37 (19,4%) кои немаат одреден став спрема истото, а 11 испитаници (5,8%) не се согласуваат со ова тврдење. Може да се заклучи дека поголем дел од испитаниците се со потврден одговор за верување во бога, а додека многу помал процент на анкетирани лица не се согласуваат со ова прашање.

***После минливиот овоземски живот благодарејќи на Бога не чека вечниот живот?*** Од добиените резултати за ова прашање може да се види дека ситуацијата е слична. Аритметичката средина е 1,67 а отстапувањето б 0,574.На ова тврдење 73,85% испитаници се согласуваат со тоа дека после минливиот земски живот благодарејќи на Бога не чека вечниот живот, додека 38 (19,9%) испитаници имаат неодреден став за ова тврдење, а 12 (6,3%) испитаници не се согласуваат. И тука се забележува дека во најголем процент од анкетираните лица потврдно одговориле на прашањето дека после минливиот живот благодарејки на Бога не чека вечен живот.

Според скалата што ги претставува религиските верувања од испитаниците кои се македонци аритметичката средина е 10,80, а отстапувањето 1,4. Кај албанците аритметичката средина е 10,41, а отстапувањето е 1,72.

Од првата група на прашања кои се однесуваат на тврдењата за религиското верување, аритметичката средина е 10,87, а отстапувањето е 1,39, а кај муслиманите е 10,70, а отстапувањето е 1,56.

Втората група на тврдења од анкетниот прашалник се однесуваат на *религиското однесување*. Според оваа група на тврдења се добиени следните одговори:

***Однесувањето на луѓето треба да биде во склад со Божјите закони?*** Одговорите на овие тврдења имаат аритметичката средина 8,89 со стандардно отстапување од 2,62. Најголем процент се согласиле на ставот

дека однесувањето на луѓето треба да е во склад со божјите закони 75,4%.

***Во зависност од нашите дела и моралните постапки зависи дали ќе одиме во рајот или пеколот?*** Одговорите на овие тврдења имаат аритметичката средина 1,5 и отстапувањето е 0,7. Од испитаниците 64,9% се согласуваат со ова тврдење, додека 20,4% се неодредени, а 14,7% не се согласуваат.

***Луѓето кои вршат брачна прељуба чинат грев спрема Божјите закони?*** На ова прашање испитаниците потврдно одговориле 67%, неодредено 17,3%, не се согласуваат 15,7. Аритметичката средина е 1,51, а отстапувањето е 0,75.

***Секој кој верува во Бога, не смее да лаже и проневерува поради материјална корист?*** На ова тврдење 63,9% испитаниците се согласуваат, 19,9 немаат одговор, а 16,2 не се согласуваат.

***На другите луѓе треба да им се помогне и по цена на сопственот жртвување?*** На ова тврдење 58,1% од испитаниците се согласуваат дека треба да им се помогне на другите луѓе по цена на сопствено жртвување, 18,3% испитаници се неодредени, а 23,6% не се согласуваат.

***Луѓето кои го одземаат животот на друг човек чинат гнев спрема Божјите закони?*** Испитаниците 62% се согласиле со прашањето, 13,1% неодредени, 24,6% не се согласуваат. Аритметичката средина е 1,38, а отстапувањето е 1,38.

Од втората категорија од анкетниот прашалник кој се однесува на религиското однесување според националноста македонците имаат аритметичка средина 8,68, албанците 9,17, турците 9,17, ромите 9,15. Од приложеното можеме да заклучиме дека според тврдењата кои се однесуваат на религиското однесување албанците, турците и ромите во поголем процент дале одговор дека се согласуват со тврдењата кои се однесуваат на религиско однесување, за разлика од македонците.

Според вероисповед одговорите на тврдењата кои се однесуват на религиско однесување кај православните лица имаат аритметичката средина

8,70, а кај муслиманите аритметичката средина е 9,06. Отстапувањето кај православните лица е 2,58, а кај муслиманите 2,66.

Според третата група на тврдења од анкетниот прашалник кој се применува на лица кои се наоѓаат во КПД-Идризово е *религиското практикување*. На ова група на тврдења се добиени следните резултати:

***Дали постите? Дали клањате намаз?*** На ова тврдење редовно одговориле 9,4% испитаници,50,3% одговориле повремено, а никогаш 40,3% Аритметичката средина е 0,69, а отстапувањето е 0,63.

***Дали се молите во текот на денот? Дали го славите празникот Бајрам?***

На ова тврдење редовно одговориле 47,1% од испитаниците, 42,4% повремено, никогаш 10,5%.. Аритметичката средина е 1,37, а отстапувањето е 0,67.

***Колку често го посетувате религискиот храм?***На ова тврдење 66,5% од испитаниците дале одговор повремено, редовно 16,8%, никогаш 16,8%.

***Дали се исповедате? Дали се придржувате на исламските прописи за храна?*** 34,6% од испитаниците одговориле никогаш, 46,1% повремено, а 19,4% испитаници одговориле редовно. Аритметичката средина на ова тврдење е 0,85, а отстапувањето е 0,72.

***Дали читате верска литература? Дали давате зекет?*** Испитаниците одговориле на следниот начин: никогаш 57,1%, повремено 31,9%, редовно 11%. Одговорите на ова твреење имат аритметичка средина 0,54, а отстапување 0,69.

***Луѓето треба да ја слават слава? Дали го постите месец Рамазан?*** На ова тврдење 17,8% одговориле никогаш, 46,1% повремено, редовно одговориле 36,1%..

На третата скалата која се однесува на религиското практикување,кај православните аритметичката средина е 5,03, а кај муслиманите 6,09, отстапувањето кај православните лица е 2,39, кај муслиманите отстапувањето е 2,48.

Четвртата група на тврдења кои се во анкетниот прашалник се однесуваат на *теолошкото знаење*. Тука се поставени шест тврдења кои се однесуваат на скалата која го мери знаењето од теолошката доктрина.

***Кој од наведените поими ја означува Светата Тајна? Судниот ден, исламските верници одговараат пред?*** 67,5% испитаници одговориле дале неточен одговор 67,5% , а точен 32,5%. Аритметичката средина е 0,32, отстапувањето е 0,47.

***На прашањето Што е Царско Небеско? Кој е петтиот исламски шарт (столб)?*** Испитаниците кои дале неточен одговор се 66.5%, со точен одговор се 33,5. Аритметичката средина е 0,33, отстапувањето е 0,47.

***Што претставува Црквата? Кој од наведените поими, означува една од 5 дневни молитви?*** Испитаниците кои дале точен одговор се 50,8% , а неточен 49,2%. Аритметичката средина е 0,51, отстапувањето е 0,50.

На прашањето ***Од кои извори православниот верник се запознава со својата вера? Кое од следните поими ја означува Божјата книга?***

Испитаниците кои неточно одговориле се 67,5%, 32,5% испитаници дале точен одговор. Аритметичката средина е 0,32, отстапувањето е 0,47.

***Кој е Господ Исус Христос? Кое од следното однесување Исламот строго го забранува?*** Испитаниците кои дале точен одговор се 46,6% , а неточен 53,4%. Аритметичката средина е 0,47, отстапувањето е 0,50.

На прашањето ***Што е пекол? Кое е основното значење на поздравот селам-алејкум?*** Испитаниците кои неточно одговориле се 62,3%, 37,7% испитаници дале точен одговор. Аритметичката средина е 0,37, отстапувањето е 0,48.

Според добиените одговори на четвртата скала кое се однесува на знаење од теолошкото учење кај православните испитаници аритметичката

средина е 5,09 а кај муслиманите 4,30, со стандардната девијација кај православните е 2,139 а кај муслиманите отстапиле 1,835.

Табеларно ќе бидат прикажени аритметичките средини на четирите скали кај двете групи на испитаници

**Табела бр.5: Аритметички средини на четирите скали/муслимани/православни**

| вероисповед | Верување | Однесување | Практикување | Знаење |
|---|---|---|---|---|
| православни | 10,87 | 8,70 | 5,03 | 5,09 |
| муслимани | 10,70 | 9,06 | 6,06 | 4,30 |

Од добиените аритметички средини и стандардни отстапувања за четирите групи на тврдења во анкетниот прашалник се заклучува, дека сите сегменти на религиозноста не се подеднакво застапени кај испитаниците кои се на издржување казна затвор во КПД-Идризово. Тврдењата кои укажува на верувањето во свето и моделите на однесувањето во општеството кои се однесуваат на моралниот аспект на религијата се сегменти кои се доста застапени, односно се скоро целосни прифатени од страна на испитаниците за разлика тврдењата кои се однесуваат на религиското практикување и познавањето на теолошката доктрина на сопствената религија. Исто така се забележува дека не постојат разлики во однос на четирите аспекти на религиозноста во однос на вероисповед на двете групи испитаниците. Ако се направи рангирање кој сегмент од религиозноста е најзастапена тогаш редоследот е следен: религиско верување, религиско однесување, практикување, знаење од теолошката доктрина.

Во следната табела бр 6. се прикажани категорија на степен на религиозност (ниска, средна и висока) и верска припадност кај (православни и муслимани).

**Табела бр. 6: Степен на религиозност/муслимани/православни**

| Степен на религиозност | Православни | Муслимани | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Низок | 8,4 (16) | 8,9 (17) | 17,3 (33) |
| Среден | 29,4 (56) | 38,2 (73) | 67,6 (129) |
| Висок | 7,3 (14) | 7,8 (15) | 15,1 (29) |
| Вкупно | 45,1 (86) | 54,9 (105) | 100,0 (191) |

Во прикажаната табела се забележува дека најголем степен на религиозност кај лицата од православна и муслиманска вероисповед е со среден интензитет на религиозност. Со низок степен на религиозност кај православните лица се 8,4%, а муслиманите се 8,9%. Постои идентична процентуална застапеност кај православните и муслиманите со низок степен на религиозност во извршување на кривични дела. Со среден интензитет кај православните лица се 29,4%, додека муслимани се 38,2%. Тука се гледа дека повеќе извршители на казнени дела се со среден степен на религиозност кај муслиманите. Со висок степен на религиозност кај православни лица се 7,3%, а муслимани со висок степен на религиозност се 7,8%. Најмал процент во извршување на кривични дела од двете групи на анкетирани има со висок степен на религиозност. Ова ќе се претстави и графички со хистограм на следниот графикон.

## Графички приказ според вероисповед и степен на религиозност




На следната табела бр. 7 се претставени степенот на религиозност на православните и муслиманите кои се во КПД-Идризово со издвоените петте кривични дела: (убиства, против полова слобода и полов морал, против здравје на луѓето, против имот, против човечноста и меѓународно право) со вкупно 170 (100%) лица во КПД-Идризово. Останатите сторени кривични дела кои се интерпретирани во табела не се земени во делот на истражување бидејки имаат многу мал процент на сторено кривично дело од страна на испитаниците од двете групи на религиозност во КПД-Идризово.

**Табела бр. 7: Степен на религиозност / православни / муслимани /кривични дела**

| Степен на религиозност | Православни | Муслимани | Вкупно (вид на кривични дела) |
|---|---|---|---|
| **Низок** | 8,3 (14) | 8,8 (15) | 17,1 (29) |
| **Среден** | 29,4 (50) | 38,3 (65) | 67,7 (115) |
| **Висок** | 7,6 (13) | 7,6 (13) | 15,2 (26) |
| **Вкупно** | 45,3 (77) | 54,7 (93) | 100,0 (170) |

Од претставената табела се гледа дека добиените скорови на 170 испитаници нема посебни отстапувања од целиот примерок, што се однесува на степенот на религиозност. Со низок степен на религиозност кај православните се 8,3%, додека муслиманите се 8,8%. Може да се утврди дека според вероисповед со низок степен на религиозност се скоро идентични испитаниците според процентуалната застапеност. Со среден степен на религиозност православни лица се 29,4%, додека муслиманите се 38,3%. Тука се гледа дека повеќе се застапени муслиманите со среден степен на религиозност од православните лица, но сепак и во примерокот бројот на муслиманите е поголем.

Со висок степен на религиозност и од православните и од муслиманите се изјасниле со 7,6%, што може да се види дека постои изедначеност во процентот помеѓу двете групи на испитаници со висок степен на религиозност.

Од вкупно 170 лица православни и муслимани со сторени кривични дела кои се горе наведени и со трите степени на религиозност, се поставува хипотезата и тврдењето *Степенот на религиозноста кај православните и*

*муслиманите влијае на видот на сторените кривични дела.* Утврдувањето на постоење на разлика во степенот на религиозноста, тука се зема (низок, среден и висок степен), кај двете групи на испитаници (муслимани и православни) во извршување на кривични дела во КПД-Идризово.

Овде ќе се примени статистичката постапка Х2 тестот. Оваа постапка е оправдана и е од корист од причина што има две групи на лица од различна вероисповед, (православни и муслимани) со три степени на религиозност и со неа ќе се утврди дали се разликуваат двете групи на испитаници кои се во КПД-Идризово со видот на вкупните сторени кривични дела и степенот на религиозноста.

Врз основа на Х2 тестот кој се примени за утврдување на влијанието на степенот на религиозноста на видот на сторените кривични дела се доаѓа до заклучок дека степенот на религиозноста кај двете групи на анкетирани лица (муслимани и православни) влијае на видот на сторените кривичните дела

**Х2 0,121 > Х2 0.05 (0,103)**

**Df =2 p> 0,05**

Според х2 тестот го интерпретираме следното:

*Постои значајна разлика или влијание помеѓу степенот на религиозноста кај православните и муслиманите кои се во КПД-Идризово и видот на сторените кривични дела според статистичка значајност на ниво 0,05 (0,103).*

Тоа докажува дека, **степенот на религиозноста кај православните лица и муслиманите е поврзан со видот на сторените кривични дела**. Најзастапени се муслиманите со среден степен на религиозност со 56,52%, додека кај православните со среден степен на религиозност се застапени 43,48% лица.

**Табела бр. 8: Степен на религиозност / православни / муслимани/број кривични дела**

| Степен на религиозност | Кривично дело - убиство | Кривично дело – против полова слобода и морал | Кривично дело – против имот | Кривично дело – против човечноста | Кривично дело – против здравје на луѓето | Вкупно (број на кривични дела) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Низок** | 11,2 (19) | 1,2 (2) | 8,2 (14) | 1,7 (3) | 4,7 (8) | 27,0 (46) |
| **Среден** | 4,1 (7) | 2,4 (4) | 30,0 (51) | 4,7 (8) | 15,9 (27) | 57,1 (97) |
| **Висок** | 2,4 (4) | 2,9 (5) | 6,5 (11) | 1,2 (2) | 2,9 (5) | 15,9 (27) |
| **Вкупно** | 17,7 (30) | 6,5 (11) | 44,7 (76) | 7,6 (13) | 23,5 (40) | 100,0 (170) |

Се поставува хипотезата и тврдењето *Степенот на религиозноста кај православните и муслиманите влијае на бројот на сторените кривични дела.* Исто така и тука е применета статистичката постапка X2 тестот. Станува збор за две групи на лица од различна вероисповед (православни и муслимани) со три степени на религиозност и со неа ќе се утврди дали има поврзаност со бројот на сторените кривични дела кај испитаниците од двете групи на анкетирани лица во КПД- Идризово.

Врз основа на X2 тестот кој се примени за утврдување на влијанието на степенот на религиозноста со бројот на сторените кривични дела се доаѓа до заклучок дека степенот на религиозноста кај двете групи на анкетирани лица (муслимани и православни) не влијае на бројот на сторените кривичните дела

**X2 0,54 < X2 0.05 (0,102)**

**Df =2 p> 0,05**

Според x2 тестот го интерпретираме следното:

*Нема значајна разлика или влијание помеѓу степенот на религиозноста кај православните и муслиманите кои се во КПД-Идризово и бројот на сторените кривични дела според статистичка значајност на ниво 0,05 (0,103).*

Тоа докажува дека, **степенот на религиозноста кај православните лица и муслиманите не е поврзан со бројот на сторените кривични дела.**

Во истражувањето се категоризирани испитаниците по бројот на издржување на казна затвор кај двете групи на испитаници во КПД-Идризово. Во следната табела ги објаснуваме следните податоци.

**Табела бр. 9: Број на издржување казна затвор кај муслимани и православни**

| **Број - пати на кривични дела** | **Православни** | **Муслимани** | **Вкупен број – пати на кривични дела)** |
|---|---|---|---|
| **Првпат** | 26,5 (45) | 31,8 (54) | 58,3 (99) |
| **Вторпат и повеќе** | 18,8 (32) | 22,9 (39) | 41,7 (71) |
| **Вкупно** | 45,3 (77) | 54,7 (93) | 100,0 (170) |

Во табелата се прикажани бројот – пати на издржување на казна затвор за сторено кривично дело. Тука се гледа дека прв пат со сторено кривично дело од православните лица биле 26,5%, а муслимани биле 31,8%. Со двапати и повеќе повторени кривични дела од православни лица биле 18,8%, додека муслимани се 22,9%. Овде се забележува дека има процентуална идентичност во повторено кривично дело помеѓу православните и муслиманите. Може да се

забележи дека нема поврзаност помеѓу вероисповед на двете групи на испитаници со бројот на издржување на казната за сторено кривично дело, бидејќи процентуалната застапеност е идентична за двете групи на испитаници.

Се поставува хипотеза *Видот на религиозноста (тука се земаат двете групи од православна и муслиманска вероисповед), влијае на бројот на кривични дела.* Овде се користи статистичката постапка X2 тестот. Тука има две групи на лица со православна и муслиманска вероисповед и целта е да се утврди дали се разликуваат по бројот на сторените кривични дела (се мисли на еднаш или двапати и повеќе).

Со утврдената статистичка постапка X2 се доби дека не постои разлика помеѓу видот на религиозноста (православни и муслимани) и бројот на сторените кривични дела кај испитаниците од двете групи.

**X2 0,45 < X2 0.05 (0,103)**

**Df =2 p> 0,05**

Според x2 тестот го добивме следниот заклучок:

*Нема значајна разлика или влијание помеѓу видот на религиозноста (православните и муслиманите) и бројот на сторените кривични дела според статистичка значајност на ниво 0,05 (0,103).*

Тоа докажува дека, **видот на религиозноста (православни и муслимани) не е поврзан со бројот на сторените кривични дела.** Ова се потврдува и со процентуалното интерпретирање кај двете групи на религиозност со бројот на кривичните дела.

**Табела бр.10 : Вид на религиозност / православни / муслимани /вид на кривични дела**

| Вид на религиозност | Кривично дело - убиство | Кривично дело – против полова слобода и морал | Кривично дело – против имот | Кривично дело – против човечноста | Кривично дело – против здравје на луѓето | Вкупно (број на кривични дела) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Муслимани** | 12,9 (22) | 4,1 (7) | 25,3 (43) | 5,2 (9) | 7,1 (12) | 54,7 (93) |
| **Православни** | 4,8 (8) | 2,4 (4) | 19,4 (33) | 2,4 (4) | 16,4 (28) | 45,3 (77) |
| **Вкупно** | 17,7 (30) | 6,5 (11) | 44,7 (76) | 7,6 (13) | 23,5 (40) | 100,0 (170) |

Се поставува хипотеза за *Видот на религиозноста (тука се земаат двете групи од православна и муслиманска вероисповед), влијае на видот на кривични дела.* Овде се користи статистичката постапка X2 тестот. Тука има две групи на лица со православна и муслиманска вероисповед и целта е да се утврди дали се разликуваат по видот на сторените кривични дела (се мисли на еднаш или делата се повторени односно двапати и повеќе).

Со статистичка постапка X2 се доби дека не постои разлика во видот на религиозноста (православни и муслимани) и видот на сторените кривични дела кај испитаниците од двете групи во КПД – Идризово.

**X2 035, < X2 0.05 (0,107)**

**Df =2 p> 0,05**

Според x2 тестот заклучивме дека *нема значајна разлика или влијание помеѓу видот на религиозноста (православните и муслиманите) и видот на сторените кривични дела според статистичка значајност на ниво 0,05 (0,103).*

Тоа докажува дека, **видот на религиозноста (православни и муслимани) не е поврзан со видот на сторените кривични дела**.

Во понатамошното излагање ќе се интерпретираат најзастапените кривични дела и степенот на религиозноста кај православните и муслиманите. Во интерпретирањето се земени следните кривични дела: против животот и телото, против полова слобода и морал, против имот, против човечност и меѓународно право.

Во понатамошниот текст од магистерскиот труд ќе се анализираат петте кривични дела за кои најголем дел од анкетираните испитаници ги имаат направено, додека останатите кривични дела не се земени во анализирање поради нивната мала процентуалност во извршување на делото.

Во следната табела бр11. Се презентирани степенот на религиозноста (низок, среден и висок) кај муслиманите и православните со кривичното дело убиство.

**Табела бр. 11: Степен на религиозност/православни/муслимани/убиства**

| Степен на религиозност | Православни | муслимани | Вкупно (кривично дело убиства) |
|---|---|---|---|
| Низок | 27,7 (8) | 37,9 (12) | 65,6 (19) |
| Среден | 10,3 (3) | 10,3 (3) | 20,6 (6) |
| Висок | 6,9 (2) | 6,9 (2) | 13,8 (4) |
| Вкупно | 44,9 (13) | 55,1 (17) | 100,0 (30) |

Од тука се гледа дека со низок степен на религиозност се најмногу застапени и православните и муслиманите за извршено дело убиство. Православните лица се 27,7% со низок степен на религиозност, а додека муслиманите се 37,9% со низок степен на религиозност. Може да се утврди дека повеќе се застапени муслиманите со низок степен на религиозност во извршување на делото убиство. Со среден степен на религиозност православни се 10,3%, исто се застапени и муслиманите со 10,3% во извршување на убиство. И со висок степен на религиозност и православните и муслиманите се застапени со 6,9%. Тука се гледа разликата помеѓу православните и муслиманите. Повеќе се застапени муслиманите во извршување на кривичното дело убиство. Анализата укажува дека со низок степен на религиозност се лица кои најмногу се застапени во извршување на кривичното дело убиство.

За да се утврди дали *Степенот на религиозноста кај православните и муслиманите влијае на сторување кривичното дело убиство* е применета статистичката постапка x2 тестот. Според X2 тестот можеме да констатираме следно

**X2 0,120 > X2 0.05 (0,103) df=2**

**P< 0,05**

Според добиениот резултат разликата е статистички значајна. Ова значи дека постои значајна разлика помеѓу степенот на религиозноста кај православните и муслиманите и стореното кривично дело убиство според статистичка значајност на ниво 0,05 (0,103). Со низок степен на религиозност се најмногу застапени во стореното кривично дело убиство. Муслиманите се за 10% повеќе застапени во креирање на убиството за разлика од православните лица.

Тоа докажува дека, ***степенот на религиозноста кај православните лица и муслиманите се разликува со стореното кривично дело убиство.*** Ова се утврдува со процентуалната застапеност кај лицата кои го извршиле делото убиство. Најголем процент имаат лицата со низок степен на

религиозност со 65,6% од двете групи на вероисповед. Поточно, лицата со низок степен на религиозност кај двете групи на испитаници (православни и муслимани) повеќе се застапени во извршување на кривичното дело убиство во однос на испитаниците со среден степен на религиозност. Најмалку се застапени и најмало влијание има кај лицата кои се со висок степен на религиозност кај двете групи на испитаници (православни и муслимани).

Со разлика на два проценти на статистичка значајност од α (0,05) z (1,96) со низок степен на религиозност кај православните и муслиманите се утврдува дека ниските степен на религиозност кај двете групи на испитаници влијае на кривичното дело убиство. Заклучокот е дека нискиот степен на религиозност најмногу влијае на стореното кривично дело убиство.

На следната табела е претставен степенот на религиозноста и кривичното дело против полова слобода и полов морал.

**Табела бр. 12: Степен на религиозност/православни/муслимани/полова слобода и морал**

| Степен на религиозност | православни | муслимани | Вкупно (кривично дело полова слобода и полов морал) |
|---|---|---|---|
| **Низок** | 9,1 (1) | 9,1 (1) | 18,2 (2) |
| **Среден** | 27,2 (3) | 9,1 (1) | 36,3 (4) |
| **Висок** | 9,1 (1) | 36,4 (4) | 45,5 (5) |
| **Вкупно** | 45,4 (5) | 54,6 (6) | 100,0 (11) |

Од прикажаната табела се утврдува дека од вкупно 11 лица кои го сториле кривичното дело против полова слобода и морал се утврдени 9,1% од православни лица со низок степен на религиозност, а истотака и муслиманите (9,1%). Може да се констатира дека со низок степен на религиозност повеќе се застапени православните лица кои го извршиле ова дело. Со среден степен на религиозност православни биле 27,2, а муслимани бил еден извршител или 9,1% на ова дело. Со висок степен на религиозност православни лица се еден, додека муслимани се 36,4%. Може да се констатира дека поголем процент на извршители на ова дело се муслиманите со висок степен на религиозноста. Муслимани со трите степени на религиозност биле 54,6% што се повеќе извршители на ова кривично дело од православните лица со вкупно 45,4%.

За да се утврди дали Степенот на религиозноста кај православните и муслиманите влијае на сторување кривично дело против полова слобода и морал применета статистичката постапка x2 тестот.

**X2 0,08 < X2 0.05 (0,103) df=2**

**P> 0,05**

Според X2 тестот разликата не е статистички значајна. Ова значи дека не постои значајна разлика помеѓу степенот на религиозноста кај православните и муслиманите и сторените кривично дело против полова слобода и морал според статистичка значајност на ниво 0,05 (0,103). Тоа докажува дека, **степенот на религиозноста кај православните лица и муслиманите не влијае на сторување кривичното дело против половата слобода и морал.**

На следната табела бр 13. е претставен степенот на религиозност кај православните и муслиманите и кривичното дело против здравјето на луѓето.

**Табела бр. 13: Степен на религиозност/православни/муслимани/здравје на луѓето**

| Степен на религиозност | православни | муслимани | Вкупно (кривично дело против здравје на луѓето) |
|---|---|---|---|
| **Низок** | 10,3 (5) | 10,3 (4) | 20,6 (9) |
| **Среден** | 30,8 (12) | 38,5 (15) | 69,3 (27) |
| **Висок** | 5,1 (2) | 5,1 (2) | 10,2 (4) |
| **Вкупно** | 46,2 (19) | 53,9 (21) | 100,0 (40) |

Од прикажаната табела се гледа дека со низок степен на религиозност кај православни лица кои извршиле кривично дело против здравје и морал се 10,3%, исто и кај муслиманите е 10,3%. Може да се утврди дека процентуалната застапеност на двете групи на испитаници е иста. Според среден степен на религиозноста православни лица биле 30,8%, додека муслимани се 38,5%. Тука се гледа дека процентуално зголемување во извршување на криминалното дело против здравје на луѓето има кај муслиманите. Со висок степен на религиозност православни лица се 5,1%, исто и кај муслиманите – 5,1%. Криминалното дело против здравје на луѓето најмногу го сториле лицата со муслиманска вероисповед со среден степен на религиозност.

За да се утврди дали *Степенот на религиозноста кај православните и муслиманите влијае на сторување на кривичното дело против здравјето на луѓето,* е применета статистичката постапка x2 тестот.

**X2 0,25 > X2 0.05 (0,103) df=2(степен на слобода)**

**P< 0,05**

Според X2 тестот разликата е статистички значајна. Ова значи дека постои значајна разлика помеѓу степенот на религиозноста кај православните и муслиманите и сторените кривично дело против здравјето на луѓето, според статистичка значајност на ниво 0,05 (0,103).

Тоа докажува дека, **степенот на религиозноста кај православните лица и муслиманите влијае на сторување кривично дело против здравјето на луѓето.** Тука се гледа дека во стореното кривично дело против здравјето на луѓето се застапени лица од муслиманска вероисповед со среден степен на религиозност.

На следната табелата бр 14. е прикажан степенот на религиозноста и кривичното дело против имот. Ова кривично дело е најзастапено кај осудениците од двете групи на религиозноста во КПД-Идризово.

**Табела бр. 14: Степен на религиозност/православни/муслимани/имот**

| Степен на религиозност | Православни | Муслимани | Вкупно (кривично дело против имот) |
|---|---|---|---|
| **Низок** | 9,2<br>(7) | 9,2<br>(7) | 18,4<br>(14) |
| **Среден** | 28,9<br>(22) | 38,2<br>(29) | 67,1<br>(51) |
| **Висок** | 6,6<br>(5) | 7,9<br>(6) | 14,47<br>(11) |
| **Вкупно** | 44,7<br>(34) | 55,3<br>(42) | 100,0<br>(76) |

Од приложените криминални дела најзастапени се кривичното дело против имотот со вкупно 76 (100%). Со низок степен на религиозност кај православните се застапени 9,2%, исто и кај муслиманите – 9,2%. Тука се забележува дека е идентична процентуалната застапеност кај двете групи на испитаници во стореното кривично дело против имот. Со среден степен на религиозност застапени се 28,9% православни лица, а муслимани се 38,2%. И тука можеме да се забележи процентуалната идентичност кај двете групи на лица со сторено кривично дело против имот. Со висок степен на религиозност се 6,6% православни, а 7,9% се муслимани. И со висок степен на религиозност и кај двете групи на испитаници постои процентуална идентичност во сторено кривично дело против имот. Најмногу се застапени лицата со среден степен на религиозност во двете групи на испитаници со 67,1%.

За да се утврди дали *Степенот на религиозноста кај православните и муслиманите влијае на сторување на кривичното дело против имот*, е применета статистичката постапка х2 тестот.

**X2 0,57 > X2 0.05 (0,103) df=2(степен на слобода)**

**P< 0,05**

Според X2 разликата е статистички значајна. Ова значи дека постои значајна разлика помеѓу степенот на религиозноста кај православните и муслиманите и сторените кривично дело против имот, според статистичка значајност на ниво 0,05 (0,103).

Тоа докажува дека**, степенот на религиозноста кај православните лица и муслиманите се поврзува со стореното кривично дело против имот.** Тука се гледа дека во стореното кривично дело против имот, најмногу се застапени лица од муслиманска и православна вероисповед со среден степен на религиозност (67,1%).

На следната табела бр 15. е прикажан степенот на религиозност кај православните и муслиманите и кривичното дело против човечноста и меѓународното право.

**Табела бр. 15: Степен на религиозност / православни / муслимани /човечност и меѓународно право**

| Степен на религиозност | Православни | Муслимани | Вкупно (кривично дело против човечност и меѓународно право) |
|---|---|---|---|
| **Низок** | 8,3 (1) | 8,3 (1) | 16,6 (2) |
| **Среден** | 25,0 (3) | 41,7 (6) | 66,7 (9) |
| **Висок** | 8,3 (1) | 8,3 (1) | 16,6 (2) |
| **Вкупно** | 41,6 (5) | 58,3 (8) | 100,0 (13) |

За кривичното дело против човечност и меѓународно право со низок степен на религиозноста и православните и муслиманите се застапени со по 8,3%. Со среден степен на религиозност православни лица се 25%, а муслимани се 41,7%. Тука се гледа дека процентуално повеќе се застапени муслиманите со среден степен на религиозност. Со висок степен на религиозност православни се 8,3%, исто како и муслимани – 8,3%. Тука исто како и кај нискиот степен на религиозност кај двете групи на испитаници има процентуална идентичност со средниот степен на религиозност. Може да се забележи дека повеќе се застапени муслиманите со среден степен на религиозност во креирање на ова кривично дело.

За да се утврди дека Степенот на религиозноста кај православните и муслиманите влијае на сторување на кривичното дело против човечноста и меѓународното правото, е применета статистичката постапка x2 тестот.

**X2 0,57 > X2 0.05 (0,103) df=2(степен на слобода)**

**P< 0,05**

Според X2 тестот кој го применивме, добивме дека разликата е статистички значајна. **Ова значи дека постои значајна разлика помеѓу степенот на религиозноста кај православните и муслиманите и сторените кривично дело против човечноста, според статистичка значајност на ниво 0,05 (0,103).**

Најмногу влијае средниот степен на религиозност кај православните лица и кај муслиманите во извршување на кривичното дело против човечноста и меѓународно право. Од приложеното истражување можеме да заклучиме дека степенот на религиозноста има влијание со криминалните дејствија. Овие два општествени феномени имаат корелација помеѓу нив.

## 6. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Самиот труд е поделен на два главни дела теоретски и емпириски дел. Теоретски дел се однесува на теоретските сознанија на двата општествени феномени религијата и криминалот. Првиот дел офаќа социолошки дефиниции на религијата поставувајќи ја во поширока рамка, со нагласување на неможноста религијата да се дефинира со нејзиното сведување само на еден сегмент. Исто така поединечно се обработени елементите и функциите на религијата. Акцентот е ставен на основните функции на религијата: когнитивната, психолошко-емотивната (компензаторската и адаптивната), етичката како регулатор на однесувањето и општествено интегративната функција. Опишан и разгледан е криминалитетот како општествена појава, со неговите теории кои го претставуваа криминалот од своја гледна точка како општествен феномен.Тука се наведени обемот, распространетоста сторените кривични дела и другите аспекти. Вниманието на магистерскиот труд е насочен кон двете универзални религии Христијанството и Исламот. Магистерскиот труд прави обид експлицитно да се објаснат двата феномена на религијата и криминалитетот и нивната врска помеѓу нив.

Заклучоците од направеното истражување ќе бидат од корист за понатамошните насоки во работењето на институциите, за нивната ефективност и ефикасност и превентивност во намалувањето на криминалните дејствија. Како резиме од изнесената теорија во магистерскиот труд и истражувањето кое го извршивме кај затворениците во КПД-Идризово во Скопје се изнесени следните заклучоци:

Во магистерскиот труд е извршено истражување на испитаници кои се во КПД-Идризово во Скопје. Анкетираните затвореници се со муслиманска и православна вероисповест. Според анкетниот прашалник е утврден степенот

на религиозноста кај двете групи на анкетирани лица. Тие се со низок, среден и висок степен на религиозност.

Во магистерскиот труд е користен поимот класична религиозност. Опфатени се четири аспекти: религиски верувања, однесување засновено на моралните аспекти на религијата, религиско практикување и знаење од теолошката доктрина на својата религија.

Од спроведената анализа на анкетниот лист се заклучува дека сите сегменти на религиозноста не се подеднакво застапени кај испитаниците кои се на издржување казна затвор во КПД-Идризово. Тврдењата кои укажуваат на верувањето во свето и моделите на однесувањето во општеството кои се однесуваат на моралниот аспект на религијата се сегменти кои се доста застапени, односно се скоро целосни прифатени од страна на испитаниците за разлика од тврдењата кои се однесуваат на религиското практикување и познавањето на теолошката доктрина на сопствената религија. Исто така се забележува дека не постојат разлики во скоровите на четирите аспекти на религиозноста во однос на вероисповед на двете групи испитаниците. Направено е рангирање врз основа кој сегмент од религиозноста е најзастапен и е следен: религиско верување, религиско однесување, практикување, знаење од теолошката доктрина.

Од вкупно 170 лица православни лица и муслимани со сторени кривични дела е поставена хипотезата за постоење на разлика помеѓу степенот на религиозноста кај православните и муслиманите со видот на сторените кривични дела.

На поставената хипотеза се утврди дека степенот на религиозноста кај православните лица и муслиманите влијае на видот на сторените кривични дела.

Најзастапени се муслиманите со среден степен на религиозност, додека кај православните со среден степен на религиозност се помалку застапени. Таквата констатација доаѓа што муслиманите се повеќе застапени во примерокот.

Се постави хипотезата степенот на религиозноста кај православните лица и муслиманите влијае на бројот на сторените кривични дела. Исто така и тука е применета статистичката постапка X2 тестот, со што се утврди дека степенот на религиозност кај затворениците не влијае на бројот на сторените кривични дела.

За хипотезата видот на религијата влијае на видот на сторените кривични дела повторно беше спроведена статистичка постапка X2 и истата се отфрли, односно видот на религија не влија е на видот на сторените кривични дела.

Поставена е хипотеза за утврдување дали видот на религиозноста (тука се земаат двете групи од православна и муслиманска вероисповед), влијае на бројот на кривични дела. Од добиените податоци и користената статистичка мерка се утврди дека нема значајна разлика или влијание помеѓу бројот на сторените кривични дела кај испитаниците кои се во КПД-Идризово. Тоа докажува дека видот на религиозноста (православни и муслимани) не е поврзан со бројот на сторените кривични дела.

Ова го потврдува и процентуалното интерпретирање кај двете групи на религиозност (православни и муслимани) со бројот на кривичните дела кај анкетираните лица. Од аспект на прв пат сторено кривично дело кај православните лица и муслимани се со иста процентуална изедначеност. Значи и тука се гледа дека без разлика на верската припадност нема влијание врз зачестеноста на извршување на кривични дела.

Исто така и со двапати и повеќе повторените кривични дела од православните лица и муслиманите се со изедначен процент. Овде се забележува дека има процентуална идентичност во повторено кривично дело помеѓу православните и муслиманите.

Од анализата на спроведеното истражување може да се даде генерален заклучок дека степенот на религиозноста (низок, среден, висок) кај православните и муслиманите влијае врз видот на сторените кривични дела кај испитаниците во КПД-Идризово, но нема влијане врз бројот на сторените кривични дела. Видот на религиозноста (православни и муслимани ) нема

влијание на видот на сторените кривични дела кај испитаниците во КПД-Идризово и бројот на сторените кривични дела.

Во магистерскиот труд се наведени повеќе сторени кривични дела од кои се земени пет за обработка, додека другите не се во интерес на истражувањето поради малиот процент на извршители на тие кривични дела кои беа вклучени во примерокот.

Во истражувањето опфатени се следните кривични дела: против животот и телото, против половата слобода и морал, против здравјето на луѓето, против имотот, против човечноста и меѓународното право.

За степенот на религиозноста кај муслиманите и православните со кривичното дело убиство се гледа дека со низок степен на религиозност се најмногу застапени и православните и муслиманите. Се утврди дека со среден степен на религиозност кај двете групи на испитаници се со изедначена процентуалност.

Додека со висок степен на религиозност повеќе се застапени муслиманите од православните лица.

Од тука заклучуваме дека нискиот степен на религиозност кај православните и муслиманите кај двете групи на испитаници влијае на кривичното дело убиство. Нискиот степен на религиозност најмногу влијае на стореното кривично дело убиство.

Хипотезата степенот на религиозноста влијае на сторување на кривичното дело против половата слобода и морал е отфрлена.

Нема влијание помеѓу степенот на религиозноста кај православните и муслиманите и сторените кривично дело против половата слобода и морал. Тоа докажува дека, степенот на религиозноста кај православните лица и муслиманите не се поврзува со стореното кривично дело против полова слобода и морал.

Нискиот степен на религиозност кај православни лица кои извршиле кривично дело против здравје и морал се идентични со муслиманите кои го извршиле истото дело. Може да утврдиме дека процентуалната застапеност на двете групи на испитаници е иста.

Криминалното дело против здравје на луѓето најмногу го сториле лицата со муслиманска вероисповед со среден степен на религиозност.

Од утврдената статистичка мерка може да се констатира дека постои значајна разлика помеѓу степенот на религиозноста кај православните и муслиманите и сторените кривични дела против здравјето на луѓето.

Тоа докажува дека, степенот на религиозноста кај православните лица и муслиманите влијае на сторување кривично дело против здравјето на луѓето.

За кривичното дело против имотот е најзастапено кај осудениците од двете групи на религиозноста. Од приложените криминални дела најзастапено е кривичното дело против имотот кај анкетираните лица во КПД-Идризово.

Постои процентуална идентичност кај двете групи на религиозност (муслинмани и православни) во извршување на казненото дело против имот. Најмногу се застапени лицата со среден степен на религиозност од двете групи на испитаници.

Исто така се утврди дека има значајна разлика помеѓу степенот на религиозноста кај православните и муслиманите и сторените кривично дело против имот.Тоа докажува дека, степенот на религиозноста кај православните лица и муслиманите влијае на сторување на кривичното дело против имот.

За кривичното дело против човечност и меѓународно право со низок степен на религиозноста кај православните лица се идентични со муслиманите.

Со среден степен на религиозност православни лица се помалку за разлика од муслимани кои се процентуално повеќе во извршување на ова кривично дело. Исто како и кај нискиот степен на религиозност кај двете групи на испитаници има процентуална идентичност со средниот степен на религиозност.

Од изнесените податоци се констатира дека повеќе се застапени муслиманите со среден степен на религиозност во сторувањето на ова кривично дело.

Врз статистичката пресметката која се употреби врз основа на анкетниот прашалник кој е спроведен кај лица кои се во КПД-Идризово се констатира

дека постои значајна разлика помеѓу степенот на религиозноста кај православните и муслиманите и сторените кривично дело против човечноста и меѓународното право.

Најмногу влијае средниот степен на религиозност кај православните лица и кај муслиманите во извршување на кривичното дело против човечноста и меѓународното право.

Овој магистерски труд чиј предмет е поврзаноста помеѓу двата општествени феномени религија и криминал може да биде поттик за следните сегменти:

- промени во образовните програми
- ресоцијализација на лица кои биле на издржување на казна затвор
- зголемено влијание на религиското образование
- јакнење на моралните вредности
- општествено третирање на верникот (религиозниот и нерелигиозниот поединец треба заеднички да соработуваат во изградба на здраво и праведно општество, во кое ќе се отфрли секоја дискриминација на личноста.)

Религијата е сложена, динамична појава, истовремено е мултифункционална, индивидуална и колективна појава. Нејзината вредност е во функциите кои ги остварува во одредено време и простор. Имајќи ги во предвид функциите на религијата (која му дава поддршка на човекот во соочување и надминување на стравот од непознатото, стравот од смртта, која му помага да се интегрира во заедницата и претставува регулатор на општествениот живот) и врз основа на резултатите добиени од истражувањето евидентно е дека религијата е битен но не е единствен фактор кој влијае на појавата на криминалот во општеството. Постојат и други општествени феномени кои играат голема улога во делот на појавата на криминал. Од аспект на теоријата и практиката може да се види дека не е доволна само теоретската расправа за двата општествени феномени туку и промени во целокупниот општествен простор.

## 7. ЛИТЕРАТУРА

Aceski, Ilija. 1987. *Religiska situacija u SR makedoniji. Religija I društvo.* Zagreb: Edicija centar za idejno-teorijski rad CK SKH.

Алексоски, Стеван. 2005. Психологија со криминалистичка психологија. Радовиш: Трекс.

Bahtijarević, Štefica. 1975. *Religisko pripadanje u uvjetima sekularizacije društva.* Zagreb: Politički temi.

Bahtijarević, Štefica. Vrcan, Srđan.1975. *Religiozno ponašanje I.* Zagreb: IDIS.

Berger, Peter. 1967. *The Sacred Canapy: Elements of a Sociologycal Theori of Religion.* Garden Sity, NY: Doubleday.

Bešić, Miloš i Đukanović, Borislav. 2000. *Bogovi I ljudi religioznost u Crnoj Gori.* Podgorica: Socen.

Blagojević, Mirko. 2005. *Religija i crkva u transformacijama* drustva. Beograd: Filip Višnjic.

Bošnjak, Branko. 1987. Fenomen religije danas. *Religija i društvo.* Zagreb: Edicija centar za idejno-teorijski rad CK SKH.

Weber, Max 2000. *Sociologija religije.* Sarajevo: Kru-Zak .

Vrcan, Srđan. 1984. Proturječnosti religiskih sadržaja. *Religija i nacija.* Zagreb: Edicija centar za idejno-teorijski rad CK SKH.

__________. 1984. Sociološki pristup odnosu religije i nacije. *Religija i nacija.* Zagreb: Edicija centar za idejno-teorijski rad CK SKH.

Vujaklija, Milan. 1972. *Leksikon stranih reči i izraza.* Beograd: Prosveta.

Vukomanović, Milan. 2004. *Religija.* Beograd: Zavod za uđbenike i nastavna sredstva.

Герц, Клифорд. 1998.*Тумачење кулура.* Београд: Zavod za uđbenike i nastavna sredstva.

Gidens, Entoni. *Sociologija.* 2001. Beograd: CID.

Глишић, Миломир. 1982. *Однос младих према религији.* Горњи Милановац: Дечје новине.

Dirkem,Emil. 1963. *Pravila sociološkog metoda.* Beograd: Savremena škola.

__________.1982. *Елементарни облици религиског живота.* Београд: Просвета.

Ѓуровска, Милена. 2007. „Социолошките аспекти на глобализацијата“, *Зборник на Филозофскиот факултет*, Скопје.

Đurić, Mihajlo. 1964. *Sociologija Maksa Vebera.* Zagreb: Matica Hrvatska.

Đorđević, Dragoljub. 1990. *O religiji i ateizmu.* Niš: Gradina.

Елијаде, Мирча. 2005. *Историја на верувањата и на религиските идеи.* Скопје: Табернакул.

Zrinščak, Siniša. 1988. *Religija I društvo.* Zbornik tekstova. Beograd: Zavod za uđbenike i nastavna sredstva.

Ignjatović, Đorđe. 1992. *Kriminologija.* Beograd: Nomos.

Jakovleviħ, Dragan. 2006. *Religije i vrednosti* . Podgorica-Beograd: Ratio.

Jukić, Jakov. 1991. *Budućnost Religije.* Split: Matica Hrvatska.

Yinger, Milton.2004. *Научно проучавање религије.* Београд: Просвета.

Камбовски, Владо. 2005. *Организиран криминал.* Штип: 2-ри Август С.

Камбовски, Владо. 2004. *Казнено право - општ дел*, Скопје: Култура

Кралев,Тодор. 2001. *Структура и карактеристики на затворот*. Скопје: Студентски збор.

________. 2002. *Пенолошки лексикон*. Скопје: Студентски збор.

________. 2001. *Затвор и ресоцијализацијата*. Скопје: Студентски збор.

Костоски, Стефан. 1972. *Религијата кај селското население во Долни Полог.* Скопје: ИППИ.

Kuburić, Zorica. 1996. *Religija, porodica, mladi.* Beograd: Teologijski institut za obrazovanje.

Kuštić, Živko.1974. *Velike religije sveta* . Zagreb: Mala knjiznica, “KANE” 14.

Kuburić, Z.S. (1999). Hrišćanstvo i psihičko zdravlje vernika. U Kuburić Zorica, Vukomanović Milan (ur.), *Hrišćanstvo, društvo, politika* (4). Niš: Jugoslovensko udruženje za naučno istraživanje religije.

Линг, Тревор. 2000. *Историја Религије истока и запада. Београд*: Српска књижевна задруга.

Матевски, Зоран. 2005. *Религиска толеранција у мултиетничкој и мултиконфенфесионалној Републици Македонији*. Во Зборник: *Религија у мултикултурном друштву*. Нови Сад: Филозофски Факултет.

_______. 2005. Sociological Analysis of the Religious Situation in Macedonian Pos-Communist Society. In Anthology: *Religion and Politics,* Blagoevgrad: South West University "Neofit Rilski".

_______. 2007. Religion in multicultural society. In Collective article: *Sociological Horizons.* Blagoevgrad: Sout-West University "Neofit Rilski".

_______. 2007. Religious dialogue and tolerance-theoretical and practical experiences of differences and similarities. In Monograph*: Politics and Religion*. Beograd: Center for study of Religion and religious tolerance.

_______. 2008. The challenges of Sociology of Religion after 1991. In Anthology: *The sociology of religion in the Former Yugoslav Republics.* Nis: JUNIR.

McGuire, Meredith. 1981 *Religion, The Social context.* Belmont California: Wadsworth Pub Co.

________. 2002. *Religion.* USA: Wadsworth Thomson Learning.

Menj, Aleksandar. 2005. *Istorija Religije.* Beograd: Plato.

Milić, Vojin.1965. *Sociološki metod.* Beograd: Nolit.

_____________.2007. *Криминологија.*Скопје: Графос.

Olport, V.G. 1969. *Skolop I razvoj ličnosti.* Beograd: Cigoja.

Pavičević, Vuko. 1980. *Sociologija religije.* Beograd: BIGZ.

Rudež, Božo. 1984. Religija i nacija. Zbornik tekstova. Zagreb: Edicija centar za idejno-teorijski rad CK SKH.

Skledar, Nikola. 1986. *Um I Religija.* Sarajevo: Veselin Masleša.

*SOCIOLOŠKI LEKSIKON.* 1982. Beograd: Savremena administracija.

Свидлер, Л, Мојзес.П. 2005. *Изучувањето на религијата во ерата на глобалниот дијалог.* Скопје: Темплум.

Сулејманов, Зоран. 2003. *Криминологија*. Скопје: Институт за социолошки и политичко правни истражувања.

Сулејманов, Зоран. 1990. *Убиствата во Република Македонија,* Скопје.

Сулејманов, Зоран. Стојановски, Нелко. 2002. *Социјална патологија*. Скопје: Југореклам.

From, Erih. 1975. *Anatomija ljudske destruktivnosti.* Zagreb: Naprijed.

Haralambos, Michael i Holborn, Martin. 2002. *Sociologija.* Zagreb: Golden marketing.

Hamilton, Malkom. 2003. *Sociologija religije.* Beograd: Clio.

Hajduković, Čedomir. 1975. *Prestapničko ponašanje mladih..* Beograd: Savremena administracija.

Ćimić, Esad. 1984. *Socijalističko društvo I religija.* Saraevo: Svjetlost.

_________. 1964. *Problemi metodološkog pristupa u proučavanju religije.* Beograd: Sociološki pregled.

Cvitković, Ivan. 2004. *Sociologija religije.* Sarajevo: ISBN.

____________.1984. *Nacionalizam i religijske diferencijacije u nas*. Religija i nacija. Zagreb: Edicija centar za idejno-teorijski rad CK SKH.

__________. 2002. Religije suvremenog svijeta. Sarajevo: DES.

Šušnjić, Đuro. 1990. *Teorijske oriejentacije u proučavanju religije i ateizma.* Zagreb: IDIS.

__________.1998. *Religija I.* Beograd: Cigoja.

________. 1998. *Religija II.* Beograd: Cigoja.

_______. 2007. *Metodologija*. Beograd: Cigoja.

## 8. ПРИЛОЗИ

**ПРИЛОГ БР.1**

**АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК ЗА СТЕПЕН НА РЕЛИГИОЗНОСТА КАЈ ПРАВОСЛАВНИ ЛИЦА**

СКАЛА ЗА ПРОЦЕНА НА СТЕПЕНОТ НА РЕЛИГИОЗНОСТА КАЈ ПРАВОСЛАВНИ ЛИЦА

НАПАТСТВИЕ: Книшкава содржи 33 искази за видот на религиозноста и степенот на религиозноста кај православните лица. Вие треба да одредите кои од исказите се соодветни на Вас. Неопходно е да се одговори на сите искази што ги содржи книшката. Од искреноста на Вашите одговори ќе зависи точноста на проценката на состојбите на Вашата религиозна определба и степенот на вашата религиозност. Вашата анономност во оваа анкета е апсолутно загарантирана.
Ви благодариме за Вашата соработка!

**1. Пол**

а. Машки

б. Женски

**2. Возраст**

а. 21-30

б. 31-40

в. 41-50

г. 51-60

д. 61 и повеќе години

**3. Степен на образование**

а. без образование

б. основно

в. КВ или ВКВ

г. средно

д. више/високо

ѓ. друго__________

**4. Занимање на испитаникот**

а. земјоделец

б. неквалификуван и полуквалификуван работник

в. занаетчија/трговец

г. службеник со средна стручна спрема

д. службеник со виша и висока стручна спрема

ѓ. пензионер

е. невработен

ж. друго_________

**5. Брачна состојба на испитаникот**

а. неженет/немажена

б. во брак

в. разведен/разведена

г. вдовец/вдовица

**6. Националност**

а. македонска

б. албанска

в. турска

г. ромска

д. друга

**7. Верска припадност**

а. православна

б. муслиманска

в. без верска припадност

г. друга која___________

**8. Кој пат сте на издржување на казна-затвор:**

а. првпат

б. повеќе пати

**9. За кое дело сте на издржување казна-затвор**

| Осуден за кривични дела | | | |
|---|---|---|---|
| 1.против животот и телото | | 10.против јавните финансии, платниот промет и стопанството | |
| 2.против слободите и правата на човекот и граѓанинот | | 11.против општата сигурност на луѓето и имотот | |
| 3.против изборите и гласањето | | 12.против безбедноста на јавниот сообраќај | |
| 4.против работните односи | | 13.против државата | |
| 5.против честа и угледот | | 14.против човечноста и меѓународното право | |
| 6.против половата слобода и половиот морал | | 15.против службената должност | |
| 7.против бракот, семејството и младината | | 16.против јавниот ред | |
| 8.против здравјето на луѓето | | 17.против правниот сообраќај | |
| 9.против имотот | | | |

**10. Во Бога треба да се верува?**

а. не се согласувам

б. неодредено

в. се согласувам

**11. Бог е творец на се што постои?**

а. не се согласувам

б. неодредено

в. се согласувам

**12. Бог го создал човекот?**

а. не се согласувам

б. неодредено

в. се согласувам

**13. Бог се гледа и се знае?**

а. не се согласувам

б. неодредено

в. се согласувам

**14. Верувањето во Бога му помага на човекот да го осмисли овоземскиот живот и да обезбеди вечен живот и мир?**

а. не се согласувам

б. неодредено

в. се согласувам

**15. После минливиот овоземски живот благодарејќи на Бога не чека вечниот живот?**

а. не се согласувам

б. неодредено

в. се согласувам

**16. Однесувањето на луѓето треба да биде во склад со Божјите закони?**

а. не се согласувам

б. неодредено

в. се согласувам

**17. Во зависност од нашите дела и морални постапки зависи дали ќе одиме во рајот или пеколот?**

а. не се согласувам

б. неодредено

в. се согласувам

**18. Луѓето кои вршат брачна прељуба чинат грев спрема Божјите закони?**

а. не се согласувам

б. неодредено

в. се согласувам

**19. Секој кој верува во Бога, не смее да лаже и проневерува поради материјална корист?**

а. не се согласувам

б. неодредено

в. се согласувам

**20. На другите луѓе треба да им се помогне и по цена на сопственото жртвување?**

а. не се согласувам

б. неодредено

в. се согласувам

**21. Луѓето кои го одземаат животот на друг човек чинат гнев спрема Божјите закони?**

а. не се согласувам

б. неодредено

в. се согласувам

**22. Дали постите?**

а. никогаш

б. постам само пред Велигден и Божик

в. постам за сите црковни празници

**23. Дали се молите во текот на денот?**

а. никогаш

б. повремено

в. редовно

**24. Колку често го посетувате религискиот храм?**

а. никогаш

б. повремено

в. редовно

**25. Дали се исповедате?**

а. никогаш

б. повремено

в. редовно

**26. Дали читате верска литература?**

а. никогаш

б. повремено

в. редовно

**27. Луѓето треба да ја слават крсната слава?**

а. не се согласувам

б. неодредено

в. се согласувам

**28. Кој од наведените поими ја означува Светата Тајна?**

а. десетте божји заповеди

б. славата, постот,

в. литургијата

**29. Што е Царство Небеско**

а. живот на небо

б. вечен живот

в. исповедување пред Бог

**30. Што претставува Црквата?**

а. заедница на луѓето со Бог

б. религиозен сервис

в. национална институција

**31. Од кои извори православниот верник се запознава со својата вера?**

а. Слава, Божик, Велигден

б. Голем и Мал пост

в. Свето писмо, свето предавање, литургија

**32. Кој е Господ Исус Христос**

а. првото лице од Светото Тројство

б. второт лице од Светот Тројство

в. третото лице од Светото тројство

**33. Што е пекол?**

а. покајување

б. одење во деветиот круг

в. вечно страдање на оној свет поради своите гревови.

**ПРИЛОГ БР. 2**

**АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК ЗА СТЕПЕН НА РЕЛИГИОЗНОСТА КАЈ МУСЛИМАНИ**

СКАЛА ЗА ПРОЦЕНА НА СТЕПЕНОТ НА РЕЛИГИОЗНОСТА КАЈ МУСЛИМАНИ

НАПАТСТВИЕ: Книшкава содржи 33 искази за видот на религиозноста и степенот на религиозноста кај муслимани. Вие треба да одредите кои од исказите се соодветни на Вас. Неопходно е да се одговори на сите искази што ги содржи книшката. Од искреноста на Вашите одговори ќе зависи точноста на проценката на состојбите на Вашата религиозна определба и степенот на Вашата религиозност. Вашата анономност во оваа анкета е апсолутно загарантирана.

Ви благодариме за Вашата соработка!

**1. Пол**

а. Машки

б. Женски

**2. Возраст**

а. 21-30

б. 31-40

в. 41-50

г. 51-60

д. 61 и повеќе години

**3. Степен на образование**

а. без образование

б. основно

в. КВ или ВКВ

г. средно

д. више/високо

ѓ. друго__________

**4. Занимање на испитаникот**

а. земјоделец

б. неквалификуван и полуквалификуван работник

в. занаетчија/трговец

г. службеник со средна стручна спрема

д. службеник со виша и висока стручна спрема

ѓ. пензионер

е. невработен

ж. друго_________

**5. Брачна состојба на испитаникот**

а. неженет/немажена

б. во брак

в. разведен/разведена

г. вдовец/вдовица

**6. Националност**

а. македонска

б. албанска

в. турска

г. ромска

д. друга

**7. Верска припадност**

а. православна

б. муслиманска

в. без верска припадност

г. друга која____________

**8. Кој пат сте на издржување на казна-затвор:**

а. првпат

б. повеќе пати

**9. За кое дело сте на издржување казна-затвор**

| Осуден за кривични дела | | | |
|---|---|---|---|
| 1.против животот и телото | | 10.против јавните финансии, платниот промет и стопанството | |
| 2.против слободите и правата на човекот и граѓанинот | | 11.против општата сигурност на луѓето и имотот | |
| 3.против изборите и гласањето | | 12.против безбедноста на јавниот сообраќај | |
| 4.против работните односи | | 13.против државата | |
| 5.против честа и угледот | | 14.против човечноста и меѓународното право | |
| 6.против половата слобода и половиот морал | | 15.против службената должност | |
| 7.против бракот, семејството и младината | | 16.против јавниот ред | |
| 8.против здравјето на луѓето | | 17.против правниот сообраќај | |
| 9.против имотот | | | |

**10. Во Бога треба да се верува?**

а. не се согласувам

б. неодредено

в. се согласувам

**11. Бог е творец на се што постои?**

а. не се согласувам

б. неодредено

в. се согласувам

**12. Бог го создал човекот?**

а. не се согласувам

б. неодредено

в. се согласувам

**13. Бог се гледа и се знае?**

а. не се согласувам

б. неодредено

в. се согласувам

**14. Верувањето во Бога му помага на човекот да го осмисли овоземскиот живот и да обезбеди вечен живот и мир?**

а. не се согласувам

б. неодредено

в. се согласувам

**15. После минливиот овоземски живот благодарејќи на Бога не чека вечниот живот?**

а. не се согласувам

б. неодредено

в. се согласувам

**16. Однесувањето на луѓето треба да биде во склад со Божјите закони?**

а. не се согласувам

б. неодредено

в. се согласувам

**17. Во зависност од нашите дела и морални постапки зависи дали ќе одиме во рајот или пеколот?**

а. не се согласувам

б. неодредено

в. се согласувам

**18. Луѓето кои вршат брачна прељуба чинат грев спрема Божјите закони?**

а. не се согласувам

б. неодредено

в. се согласувам

**19. Секој кој верува во Бога, не смее да лаже и проневерува поради материјална корист?**

а. не се согласувам

б. неодредено

в. се согласувам

**20. На другите луѓе треба да им се помогне и по цена на сопственото жртвување?**

а. не се согласувам

б. неодредено

в. се согласувам

**21. Луѓето кои го одземаат животот на друг човек чинат гнев спрема**

**Божјите закони?**

а. не се согласувам

б. неодредено

в. се согласувам

**22. Дали клањате намаз?**

а. никогаш

б. повремено

в. редовно

**23. Дали го славите празникот Бајрам?**

а. никогаш

б. повремено

в. редовно

**24. Колку често одите во џамија?**

а. никогаш

б. повремено

в. редовно

**25. Дали се придржувате на исламските прописи за храна?**

а. никогаш

б. повремено

в. редовно

**26. Дали давате зекат?**

а. никогаш

б. повремено

в. редовно

**27. Дали го постите месец Рамазан?**

а. никогаш

б. повремено

в. редовно

**28. На Судниот ден исламските верници одговараат пред:**

а. пред Имам

б. пред Мухамед

в. пред Бог

**29. Кој е петтиот исламски шарт (столб)?**

а. пост

б. зекат

в. хаџ

**30. Кој од наведените поими означува една од 5 дневните молитви?**

а. јација

б. селам

в. џума

**31. Кој од следните поими ја означува Божјата книга?**

а. хадис

б. сура

в. зебур

**32. Кој од следното однесување исламот строго го забранува?**

а. брак со повеќе жениторот лице

б. пиење алкохол и употреба на дрога

в. добри односи со немуслиманите

**33. Кое е основното значење на поздравот селам-алејкум?**

а. верување во мелаките

б. мир, здравје, безбедност, спас

в. верување во задгробен живот

## ПРИЛОГ БР.3

## ТАБЕЛАРНО И ГРАФИЧКО ПРИКАЖУВАЊЕ НА ДЕМОГРАФСКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ КАЈ ИСПИТАНИЦИТЕ ОД ПРИМЕРОКОТ

Демографски карактеристики на испитаниците

**Табела 1. Распределеност на испитаниците според пол**

| | |
|---|---|
| Мажи | 95,79<br>(183) |
| Жени | 4,21<br>(8) |
| Вкупно | 100<br>(191) |

**Графички приказ според пол**



**Табела 2. Распределеност на испитаниците според староснaта структура**

| 21-30 години | 31-40 години | 41-50 години | 51-60 години | 61 години и повеќе |
|---|---|---|---|---|
| 27,7<br>(53) | 41,4<br>(79) | 25,1<br>(48) | 4,7<br>(9) | 1,0<br>(2) |

**Графички приказ според староснa структура**




**Табела 3. Распределба на испитаниците според степенот на образование**

| Без образование | Основно | КВ или ВКВ работник | Средно | Вишо/ Високо | Друго |
|---|---|---|---|---|---|
| 19,4<br>(37) | 40,8<br>(78) | 15,2<br>(29) | 23,0<br>(44) | 1,6<br>(3) | 0,0<br>(0) |

## Графички приказ според степенот на образование




## Табела 4. Распределба на испитаниците според занимање

| Земјоделец | неквалификуван и полуквалификуван работник | занаетчија/трговец | службеник со средна стручна спрема | службеник со виша и висока стручна спрема | пензионер | невработен | друго |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 15,2 (29) | 20,4 (39) | 18,3 (35) | 6,3 (12) | 1,0 (2) | 0,5 (1) | 37,2 (71) | 1,0 (2) |

**Графички приказ според занимање**




**Табела 5. Распределеност на затворениците според нивната националност**

| македонци | албанци | турци | роми | срби | Други |
|---|---|---|---|---|---|
| 33,5<br>(64) | 42,4<br>(81) | 3,7<br>(7) | 14,1<br>(27) | 2,1<br>(4) | 4,2<br>(8) |

## Графички приказ според националност

